СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Доверливо
Дел.бр._________

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второ продолжение на Осумнаесетата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јуни 1991 година

Скопје, јуни 1991 година

ВТОРО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА ОСУМНАЕСЕТТАТА СЕДНИЦА
НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА
НА 27 ЈУНИ 1991 ГОДИНА.

УЧЕСНИЦИ ВО ДИСКУСИЈАТА :


| | |
|---|---|
| 1. АБДИ ФАИК | стр. 80,81 |
| 2. АНДОВ СТОЈАН | " 66,67,92,93,94,97,98,99,100,101 |
| 5. АРСОВ ДРАГИ | " 72,78,79,93 |
| 4. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ | " 83,84 |
| 5. АНАСТАСОВСКИ МИТКО | " 11-14, 74 |
| 6. БОШКОВ ЈОРДАН | " 77,90 |
| 7. ГЛИГОРОВ КИРО | " 46-62 |
| 8. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР | " 64,73 |
| 9. ДИМИТРОВА РАТКА | " 27 |
| 10. ДАВЧЕВ САНДЕ | " 82,83 |
| 11. ЗАФИРОВ ЈОРДАН | " 90 |
| 12. ЗИМБАКОВ ВАСИЛ | " 72 |
| 13. ЈАКИМОВСКИ ЛУПЧО | " 42 |
| 14. ЈОВАНОВ РИСТО | " 11 |
| 15. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ | " 90 |
| 16. КЛУСЕВ НИКОЛА | " 85-87, |
| 17. КРСТЕВСКИ ЗОРАН | " 1-7, 76 |
| 18. КРСТЕВСКИ НИКОЛА | " 70,91 |
| 19.МИЦЕВСКИ ТРАЈАН | " 10 |
| 20.МЛАДЕНОВ ВАНЧО | " 85 |
| 21.НЕДЕЛКОВСКИ БОГДАН | " 8,74 |
| 22.ПАНОВСКИ МИХАИЛ | " 8,70,93 |
| 23.ПЕТРОВ ТОДОР | " 8,88-89,98 |
| 24.ПОПОВСКИ ЛУБОМИР | " 69 |
| 25.ПЕТКОВСКИ ТИТО | " 34-41,42 |
| 26.СТОЈКОВ СТОИЛЕ | " 9,41,67,68 |
| 27.СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА | " 43-46 |
| 28.СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ | " 73,99 |
| 29. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ | " 27-34, 63,75 |
| 30. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТРИЕ | " 15-17 |
| 31. ТУПУРКОВСКИ ВАСИЛ | " 17-26 |
| 32. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ | " 66,87,95,98,100 |
| 33. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ | " 42 |

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од второто продолжение на Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јуни 1991 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 11,45 часот.

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа.

Синојќа, пред завршувањето на тој дел од седницата, добив писмо од акредитираните новинари кое ви го поделив. Тие бараат да го прочитам. Меѓутоа, писмото е поделено, а евентуалното читање се плашам да не предизвика нови расправи овде и нови продолжувања на седницата и компликации. Затоа , бидејќи писмото е на располагање на сите, пратеници, средства за јавно информирање, така што целосно јавноста може да биде запознаета со текстот на писмото. После сите интервенции што кај мене се направени, за да тече седницата што понормално, јас предлагам да не го читаме писмото, бидејќи е даден во јавноста.

Дали може  така да се договориме? (може)

Продолжуваме со расправата.

Збор доби господин Крстевски.

ЗОРАН  КРСТЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Прво, морам да кажам дека за мене содржински, вчера, дел од дискусијата и расправата претставува едно големо разочарување. Просто не можам да сватам кои се мотивите и причините постојано да го рушиме дигнитетот на овој Парламент, а преку тоа и на

македонскиот народ и на граѓаните на Македонија. Се плашам дека политичкиот дилетантизам во Македонија токму вчера и токму по ова прашање можеби го достигна својот врв, пред се благодарејќи на настапот на потпретседателот на претседателот на Републиката.

Прво, Сојузот на реформските сили на Македонија вчера побара, а тоа го прифатија и другите парламентарни партии да се раслрава по Информацијата за актуелната политичка состојба. Јасно беше дека најновите расправи во последните три - четири дена укажуваат на потребата овој парллмент и ние како пратеници да бидеме објективно информирани како би можеле на нај-објективен начин одлуките што на таа основа ќе ги донесуваме да бидат јасни и убедливи.

Она што загрижува и што е веќе одреден манир во политичкото однесување на поедини парламентарни групи е тоа да во меѓусебното договарање се прифаќа едно а во работата на Парламентот да се оди по други принципи. Во таа смисла и во тој концепт, не гледам никаква основа за расправа по текстот на резолуцијата што ја поднесе парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ од проста причина што мислам дека еднаш околу декларацијата за сувереноста на Македонија ја увидовме целата тежина и значење на улогата што ја има и стручната јавност и воопшто јавноста во Македонија и посталката предвидена со Уставот и со Деловникот и на Собранието значат во изградувањето на еден релевантен документ кој ќе има и потрајни карактеристики и ќе предизвика, ќе регулира реални основи кои практично, во животот постојат.

Очигледно историјата на Македонија и на македонскиот народ за некого тука не е доволна поука. Треба ли да се нагласи дека ниту еден судбоносен акт на македонскиот народ и на македонската

држава не бил непромислен, а уште помалку плагијат на туѓи акти односно интереси на други држави и народи. Крушевскиот манифест, АСНОМ-ските одлуки, одлуките за востанијата, па и овие наши документи што ги донесовме, Декларацијата за сувереност и Платформата за Југославија се свесен чин на определување и израз на политичката волја во Македонија.

Ако и се мисли на Македонија, тогаш треба да се појде од интересот на сопствениот народ. Не може да се носи акт за независност врз основа на состојбите што ги предизвикуваат други, во случајот републиките Словенија и Хрватска. Акт, кој базира на интересот на други фактички е оневозможување на изградување на сопствениот суверенитет и сопствената независност.

Денеска, најмалку е потребно ние овде во Македонија избрзано да одлучуваме и тоа по пат на копирање на другите бидејќи во Македонија состојбите, освен оние во стопанството и во другите дејности каде што заради севкупната криза  на уставниот поредок, кризата во стопанскиот систем и т.н., не постојат вонредни околности и потреба за паника. Ние можеме во целост да го искористиме механизмот на парламентарната демократија и сите иницијативи да ги спроведеме  низ постапка утврдена и со Уставот и со волјата на граѓаните  на Македонијана.

Она што денес загрижува е упорното настојување на еден политички субјект отворено да се јави како единствен предводник на народот. Каква е дволичноста на политичкиот чин кога во исто време се повикува  на национално помирување, национална програма и политички консензус за иднината на Македонија, а од друга страна со акт што се нуди еднострано отцепување  на Македоиија

се става сопствениот народ во функција на интересите на други народи и држави и исто така во името на тој народ се испраќаат честитки и се поздравува еднострааниот чин на другите држави

Во овој момент за Македонија е многу битно да ја задржи иницијативата што ја има во разговорите за идното уредување на Југославија. Тоа, пред се подразбира останување на принципот за демократска разврска на југословенската криза и за договор за основните односи и постулати што ги заговоривме во Платформата за идното уредување на Југославија односно прифаќајќи го концептот што го понуди нашиот претседател Киро Глигоров и Изетбеговиќ.

Ако од овде потекне таа иницијатива за интензивирање на средбите на најодговорните луѓе во Југославија и институции, ако тоа биде врз основа на понудениот дијалог како единствено средство за надминување на кризата, тогаш мислам дека Македонија и понатаму ќе го гради својот кредибилитет врз основа на сознанието дека е демократска заедница и дека е зрела да ги проценува состојбите и да реагира врз основа на интересите што ги застапува.

Она што сепак треба како објективен критериум оваа разврска настаната *со* одлуките на еднострано отцепување на Словенија и хрватска да го процениме како македонски Парламент е секако меѓународниот аспект на оваа проблематика. Интересот на македонскиот народ и на Македонија е да продолжи пред меѓународната јавност, институциите, да ја презентира својата демократска опција како во развојот на сопствената држава, така и во барањето решение во разврска на југословенската криза. Ние, во таа констелација не смееме да го ризикуваме она што кревката македонска демократија во последно време го стекна, благодарејќи и на успешноста на раководењето со Републиката. Ние, без тој став

и без таа подршка на меѓународниот фактор ќе изградиме само дополнителна илузија дека внатрешните проблеми можеме да ги решаваме само како ние што размислуваме и како што ние мислиме дека може тоа да се прави. Оттука ја гледам и зрелоста на Владините мерки што пред се Владата трезвено, без притисоци и без паника расудува за новонастанатата ситуација. Со ова всушност се потврдува она што вчера најмногу се оспоруваше, а тоа е својството на државнотворност на македонскиот народ на граѓаните во Македонија на македонската држава.

Владата не прифаќа политика на свршен чин. Словенија и Хрватска мора да го почитуваат интересот и на Македонија ако сакаат да го остварат сопствениот интерес. Неопходен е делбен биланс бидејќи Македонија во овие педесетина години на заедничко живеење направи онолку колку што можеше, го помагаше, да не речам и некој потежок збор, развојот и на овие северни републики.

Овде нешто морам посебно да истакнам, бидејќи од изборите наваму постојано сметам дека е основа за разлика во политичките ставови на поедини партии. А, тоа е токму сфаќањето на суверенитетот и независноста на Македонија. Никој не е против светата идеја историска за самостојна, независна Македонија меѓутоа поаѓајќи од историските контексти кога таа ја заговараа и денешната стварност сосема е различна содржината и патиштата на остварувањето ка таа самобитност.

Пред се, Македонија, со ригидниот став за отцепување од Југославија, за непочитување на меѓународни асоцијации, за заговарање на унитарност во организирањето на државата, за посебни царини, за не знам каква улога на војската итн, само ќе го одврати

интересот на меѓународните асоцијации за помош на Македонија како во однос на внатрешните трансформации што треба да ги направиме на планот на економијата така и во однос на меѓународната подршка што е неопходна во услови кога сеуште историски и во контекст на најновите збиднувања на Балканот Македонија има тешкотии во остварувањето на својот меѓународен субјективитет.

Не е овде прашање кој колку љубов изразува кои Југославија. Овде е јасно дека изразува отворена омраза спрема Југославија и тоа, врз основа на две познати тези. Едната теза дека Југославија е вештачка творевина, а втората дека Македонија против својата волја влегла во Југославија. Меѓутоа, не би биле тие така тешко да се одвратат кога на втората теза како политички став на една политичка партија овде не стои и определбата дека врз основа на тоа и Македонија, оваа Вардарска Македонија е вештачка творевина. Ние, до ден денеска не добивме демант на делот на интервјуто на господинот Георгиевски во однос на интервјуто на Радио Бугарија. Не е прилика сега, можеби меѓутоа во една прилика ќе го замолиме господинот Георгиевски да даде одговор на некои свои ставови во таа смисла.

На крајот, да завршам дека во овој момент единството на политичката акција во Македонија е отежната и со отсуството на парламентарната група на ПДП. Мислам дека се дадоа големи шанси ако се сакаше и ако се имаше слух за политичкиот момент во кој сега ние како Парламент заседаваме и одлучуваме, да се присуствува на оваа седница и да се искаже не само интересот и лојалноста спрема сопствената држава и спрема народот со кој се

живее туку и да се во историски контекст учествува во одлучувањето на она што практично, как одлука, би требало да биде единствввна волја на сите граѓани во Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Георгиевски бара реплика.

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

За сите идеолошки полемики, коментари, ако треба ќе дадам после уште еден коментар.

Меѓутоа, најгрубо се спротивставувам на најобични лаги и се надевам дека овој Парламент со ова нема да се служи. Јас, најодговорно тврдам, дека никогаш во мојот живот не сум дал интервју за Радио Бугарија и никогаш во мојот живот не сум рекол дека Вардарска Македонија е вештачка творевина. Вие овие ваши лаги што ги изнесовте овде, ако можете да ги документирате, јас радо би сакал да ги видам.

СТОЈАН АНДОВ:

Пановски бара реплика.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Бидејќи сме наречени, цела пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ политички дилетанти и дека работиме за туѓински интереси, доколку господинот од СРС не ни се извини, јас лично ќе ја напуштам седницата и ќе побарам и другите пратеници од мојата партија да ја напуштат седницата.

Потоа, би сакал да се осврнам уште на два става овде изнесени, дека Македонија против својата волја влегла во Југославија.

Колку што можев да сватам од излагањето на господинот од СРС

според него Македонија доброволно влегла во Југославија. Па да ми се каже кој е тој македонец 1918 година што потпишал влегување
и дал согласност Македонија да влезе во 1918 година во Југославија.

И уште нешто тука се импутираат разни работи, интервјуа на Љупчо Георгиевски за некои си таму бугарски радио станици, јас би ги запрашал штом толку се интересираат господата од Реформските сили, малку поподробно овде да ни објаснат, во овој Парламект, на кој начин беше сменет првиот претседател на Реформските сили. На кој начин, со еден државен удар од страна на Анте Марковиќ беше сменет Панде Лазаревски, кој изнесе една чиста национална програма на Реформските сили.

Само толку.

ТОДОР ПЕТРОВ:

До пред два дена во овој Парламент седеа пратениците од ПДП. Си ги вадевме очите со нив. Сега, останавме чисто македонски Парламент. Да си ги доизвадиме очите еден *со* друг и да излеземе сите како слепци.

Предлагам и инсистирам да продолжиме во интерес на обезбедувањето мир, безбедност и сигурност на граѓаните на Републиката да ја продолжиме расправата во интерес на утврдувањето на положбата и позицијата на Републиката во настанатата актуелна општествено-политичка состојба, а да не навлегуваме во меѓусебни озборувања, напаѓања за да докажеме, кој е попаметен од нас што седиме тука.

БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:

Господа пратеници.

Господинот Крстевски нас не нарече политички дилетанти и дека бил разочаран од нас.

Прво, јас вчера, ако мисли на ВМРО-ДПМНЕ, јас не излегов на говорница.

Второ, таа политичка култура што ние ја имаме или тој дилетантизам го носиме од народот и народната волја ја пренесуваме тука. Ние немаме татковци и родители кои што педесет години, како што имате вие, ги преспава во овој Парламент, го донесоа народот до просјачки стап и парталави одат со дупнати џебови и ни динар не може да свртат, и сега вие нарекувате некого кои вчера дошол дилетант.

За дилетанти можете вие да се сметате што 50 години ништо не научивте од овој народ што ви ја даде таа власт. Градевте фабрики во кои нашите татковци работеа за вашите политички менаџери. И, што направивте, ја уништивте Македонија и Југославија. И сега тоа го префрлате на некои други партии овде што воопшто не се виновни за тоа.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Бидејќи беше побарано господинот Крстевски да се извини исто така инсистирам да се извини, мислам дека тоа ќе биде единствен пратеник што до сега два пати се извинил во овој Парламент а сега ќе му биде трет пат.

Исто така го подржувам господинот Петров во неговото изјаснување и мислам дека е време и крајно време е овој Парламент да работи на една национална програма без разлика на напаѓања меѓу партиите.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Миневски.

ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:

Господа пратеници, наместо ние во овој Парламент да работиме на настанатата политичка ситуација во земјата, ние правиме "село гори, баба се чешла". Стануваат и не знаат што да речат господата од реформските сили и само сакаат да предизвикуваат провокации и инциденти со лажни докумектации. Ако е тоа со документација зошто господинот не каже за неговиот претседател каде што дава интервју на српските новинари, каде што со исчезнувањето на Југославија мора да исчезне и Македонија. Зошто тоа не го велите господине, туку лажни варијанти кажувате каде што не е одржан ниту говор, ништо. На едни млади луѓе кои се перспективни и работни почнуваме, а со старата онаа аристократија ќе продолжуваме ние да градиме кариера и ќе го лажеме македонскиот народ и ке го занесуваме по 45 години по патиштата непроодни. Свестете се еднаш и да се соединеме сите заедно, да донесеме таква умна декларација која ќе биде во интерес ка народот, или ке дојде со мотки ќе не истера нас народот од овде. Не може народот да го поднесе ова туторство што ние овде ќе правиме  нечесни работи. Ние  ли сега ке ја правиме таа Југославија кога двајца браќа ве молам кога ќе се степаат дали веднаш тие ќе се смират да живеат во заедница. Никогаш тоа ке може. Тие можат да се смират после 10 години. Дали сега ние Србија и Хрватска ке ги натераме во една заедничка братска татковина да живеат како што беше досега тоа. Зошто еднаш од овие усиани глави тоа не се избрише, туку да тргнеме по оние други патишта кои ги нуди светот и Европа и Балканот и ние како Република тука да создадеме една таква македонска заендица која ке му прилега да влезе во сите европски заедници.

Дали ние сега ќе ја создадеме Југославија со тие две, три републики одвоени, а јас велам дека Црна Гора не ја сметам за Република повеќе, затоа што горе-долу, тие веќе се произнесоа заедно со Србија, двете покраини се рушени од Србија и сега кој останува? Кој ќе ја гради таа Југославија. Ние не бегаме од Југославија, туку тие избегаа од нас. Јас ако сакам со вас да се здружам, ако ти не сакаш, што ќе правам јас сега, дали да трчам по тебе, туку ќе треба да најдам начин да опстанам за да живеам. Па, тоа е тука идеата, тоа е политиката, тоа е економиката, на овој народ да му покажеме друго сега, а не се едно исто,"Љупчо зборувал на говорницата во Бугарија", а каде го виде ти, дали зборуваше таму или не. Дај ја документацијата. Само со вакви документации треба да излегувате. Инаку секој ке биде осуден кој ќе настапува со вакви лажни провокации.

РИСТО ЈОВАНОВ:

Само една реченица. Господине Крстевски,  срамота. Не ви е прв пат вака да навредувате на најгруб начин, дрскост, безобразност. Што ве навреди нашиот претседател на ВМРО, или потпретседателот на претседателот Глигоров? Само ја кажа вистината дека се плашите од суверена македонска држава ли? Од тоа ли се плашите? Од тоа ли се плашите, уште еднаш повторувам? И од тоа ли се плашите господине Крстевски? И уште еднаш, од тоа ли се плашите?.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Драги,пријатели, еве тоа ме нервира, уште не влеговме во салата и почнуваме да се караме. Тоа не чини.

Крстевски, не сум те навредил и никогаш нема да те навредам и те молам не ги навредувај присутните и не навредувај личности кои што ништо немаат против тебе и против твојата партија. Јас верувам дека никој го нема тоа право да дава интервју каде што вие кажавте. Јас сум член на таа партија и член сум и на тоа тело и ако требаше некој да знае, требаше ние да знаеме дали нашиот почитуван претседател и потпретседател на претседателот има дадено таква изјава. Тоа е чиста измислена лага. Тука треба да ја кажеме вистината пред македонскиот народ. Ве молам, да немаме взаемни напади.

Сега ние решаваме многу важно прашање. Дали тоа прашање ке го решиме ке биде многу зависно од тоа каков став ние ке заземеме, бидејки еве, и втор ден е од таа "венчавка" што јас вчера ја кажав.

Драги пријатели, моментот е историски. Ми се чини дека уште еднаш нема да се повтори.Знам дека во овој историски момент треба да се донесуваат и судбоносни решенија и одлуки. Како што истакна госпидинот претседател Кљусев вчета заради ескалацијата на настаните, политичко безбедносната состојба и опасностите по судбината на Република Македонија. се критички н настануваат од час во час се покритични. Ние на некој начкн остануваме во таа осакатена АВНОЈ-ска Југославија. Сакале, или не, мене ми се чини дека тоа е така. Но, сега малку да си размислиме, јас синоќа тоа го размислував и лично ве уверувам сакав да го напишам за да не избегнам некоја мисла од кога си отидовме оттука. Е рамно на самоубиство и чин на предавство на националните интереси на Македонија. Тоа го поврзувам од првиот момент дека е историски.

Тоа треба да го запамтите. Кој не постави пред такво прашаље. Други не псотавија пред прашање да се биде, или да не се биде. Како сега ќе се отворат сите тие нагодби што се прават? Кои контра потези да ги донесе Македонија против сите тие сценарија. Малку ако се помисли, тие навистина се сценарија. Како треба да се спречат военобезбедносните служби на ЈНА, да се стават во служба на едни, или други од удобните фотељи на генерал штабовите да манипулираат со месото, крвта и животите на младите. Затоа што во таа Југословенска  народна армија имаме дел и од нашата војска. Затоа што во таа ЈНА , денес е таа армија од сите југословенски народи. Сакале, или не сакале тие мораат ако не вчера, денес, утре, некои од тие деца ке си оди. Дали тоа е потребно тие да гинат, а некои од нив утре да се вратат осакатени. Не. Значи треба да преовладува разумот.

Кои јасни ставови да ги донесе Македонската Влада за положбата на Македонија. Тука меѓу нас има умни луѓе. Јас не верувам некој да е влезен туку така внатре во Парламентот и во Владата. Дали чекањето ке биде кобно за Македонија? Јас господин Глигоров и Кљусев ја разбирам загриженоста, затоа што не треба да се изгуби стекнатото, да не се отоври ново жариште, да не се изгуби меѓународниот рејтинг и углед, а да се излезе победник. Сега ке зборувам како паталец  и со одреден степен на стекната политичка мудрост. Сакам да ги охрабрам и господинот Глигоров и господинот Кљусев. Ве молам да повлечете потез кој нема да ви го сотре никогаш името во историајта на Македонија. Повлечете потез кој го најавивте господине претседателе во времето кога влеговме

во овој Парламент. Повлечете потез кој нема да ги срами ниту вашите деца, ниту вашите и нашите внучиња, ниту поколенијата на нашите внучиња. Гопосодине претседателе, Глигоров кога размислував синоќа се повлеков од некои мои поранешни мисли. И малку помудро кога ја испитав ситуацијата на Македонија дојдов до АСНОМ. Се обраќам само до г-динот Глигоров. Ми се чини тогаш вие бевте осамени, меѓу осамените. Сега ми се чини дека Македонија со вас е цела Македонија и светот е со вас. И не се притеснувајте историјата и памтението ке биде со вас. Никој нема да го заборави она што вие ке го направите. Согласете се да се донесат историските уставно-правни акти за независноста и самостојноста на Македонија. Согласете се, гордоста на македонскиот народ да не ја понижиме. Согласете се и не потклекнувајте. Кога реков дека е историски момент од каде тргнав? Кога добро ке размислиме две републики веќе ги гледаме во каква состојба се и какви потези дозесоа. Ми се чини дека ако и Македонија ја добие својта независност спрема тие уставни акти, ке биде подобро за целокупна Југославија. Кога се јавуваат двајца партнери, можеби малку подруго е кога се четворица пливаат во едни матни води, а можеби некого од тие 4-ца, или 2-ца ке ги крене матната, а кога се тројца веќе тие што останаа двајца малку поинаку ке размислуваат. Станаа 3-ца. Сега ве прашувам, дали тогаш ке има смелост некој ратоборно да ги праќа војските во Словенија, во Хрватска, во Македонија и не знам каде. Не. И најголемите ратоворци ке потклекнат на разумот и ке речат дека е моментот да ја створиме таа Југославија од здруженми, независни држави кое ќе биде за доброто не само за народите на Југославија, туку за доброто на цела Европа.

ДИМИТРИЕ ТРПЕНОВСКИ:

Јас еднаш спомнав тука дека синдромот на самоуништувањето треба да го иселиме од духовниот простор македонски и ова е историски миг и прилика тоа да го сториме. Мислам дека во новово време различните мислења да ги ставиме во контекст на плурализација на мисли, а не на навреди и дискредитирања поготоо кога се разговара и кога гласно се размислува за вакви прашања Мислам дека демократијата треба да ја користиме како основен постулат во различните гледања и во изнаогањето на најрелевантната опција во овој историски миг. Мислам дека ако политичката волја, ако политичкиот суверенитет на македонскиот Парламент за своја легална основа ја има политичката волја на народот, мислам дека легално е и легитимно размислување за изнаогање на релевантна излезна опција во оваа состојба. Мегутоа и таа мора за да биде легална, легитимна и демократска да ја консултира и волјата на народот. Значи без волјата на народот можеби ке погодиме, но верувам дека сме лимитирани во оформувањето на една најприфатлива и најкомплементарна излезна опција. Овде е лоцирана синтагмата "Југославија не постои". Јас мислам дека ова прашање повеке е правно прашање и прашање на мегународно право. Во Југославија нешто не постои, односно се поставува прашање што е тоа што не постои, или поблизок да бидам до терминот, во Југославија постои нешто што се распаѓа. А што е тоа што се распаѓа? Се распаѓа реал социјалистичкиот модел и се заменува со друг. Меѓутоа, тоа се наоѓа во фаза на развој, сеуште не е завршено. Имено, не е распаднат сеуште реал социјалистичкио модел на југословенската заедница заради тоа што не е пронајден релевантен демократски модел за негова замена. Дали ќе се пронајде, или не, тоа е прашање

на политичката волја на народиите на федералнтие единици. Во Маке - донија моделот можеме да речеме дека постојниот модел е распаднат. И како резултат на тоа обликувана е Македонија како суверена и самостојна држава. Таа историски е предодредена за тоа , меѓутоа со доаѓање на плурализмот на општествената сцена мислам дека сега е фазата на нејзиното правно обликување. Значи можеме слободно да заклучиме дека Македонија е трансформирана во самостојна држава, нејзина легална и легитимна основа е постојната Декларација која што ја имаме и тоа е нашиот демократски модел за замена на стариот модел. Се поставува прашање дали сме во остаток. Мислам дека во политичкиот простор кружи ова прашање. Мислам дека Македонија не е во ниеден остаток, ниту во остатокот што е трансформиран, ниту во остатокот што се уште не е трансформиран. Значи можеме да заклучиме дека Македонија е на сопствениот модел, односно на моделот на сопствената декларација од една страна. И второ, Македонија е во квалитативно нов облик заради тоа што има уште еден модел, тоа е моделот Глигоров Изетбеговиќ како квалитативно повисок модел. Според тоа ние се наоѓаме на сопствено тло, имаме сопствена Декларација и тоа две и една Платформа.

ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ: (продолжение)

Се поставува прашањето дали моделот Глигоров-Изедбеговиќ е потрошен. Мислам дека се уште тој модел не е потрошен. Спрема тоа , сега е креација на умот како натаму ќе правиме. Мислам дека Македонија не се наоѓа во подредена позиција заради тоа што има и сопствена декларација, а има излезно решение врз база на Платформата Глигоров-Изедбеговиќ за решавање и на Југословенската криза.

Постојат три пречки. Тоа се: меѓунационалните судири, сеуште неидефициранaта политичка волја на другите народи и една голема пречка тоа е нерасчистени односи од аспектот на делбениот биланс .

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави Васил Тупурковски.

ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и јас мислам како пратеникот Тодор Петров дека не е време за никакво напуштање на Парламентот во невреме е сторен чинот на пратениците од ПДП и НДП, се надевам дека тоа ќе го сватат и ќе се приклучат во работата на Парламентот кога треба да се собираме околу дефинирањето на решенијата за перспективата на Македонија, стабилизирањето на таа перспектива кога сите мора да го дадат својот придонес, се разбира за причините кои се наведуваат како повод за такви чинови треба сите многу сериозно да размислуваме и да не ги оспоруваме.

Она што се случува во последниве неколку дена, пред се во Хрватска и Словенија, но со тенденција да се рашири и на други простори, најпрвин во БиХ, зборува за драматична ситуација

во земјата. Опасноста од физички и вооружени судири помеѓу силите на Словенија и Хрватска со ЈНА, од утринава се со загрижувачка реалност. Вие вестите ги знаете. Судирите врз национална основа се односо во ескалација и бележиме нови жртви.

Општата загрозеност нараснува и од сите нас може да направи заробеници на бесперспективноста на нашите состојби. Со овој тек на настаните се разбира, немаме право да се мириме и да го прифаќаме како неизбежен, напротив мислам дека Парламентот треба да усвои заклучоци за активна политичка позиција и во вакво невреме, Претседателот Глигоров и Јас утринава им напишавме писмо на сите претседатели на републиките, на Претседателството на Југославија, на претседателите на собранијата и на  Сојузниот извршен совет барајќи веднаш итно во текот на денот да се состанеме за да се отстрани опасноста од нови човечки жртви и ескалација на овие судири што од утринава течат во Словенија. За тоа ќе побараме поддршка од овој наш Парламент, бидејќи се надевам и убеден сум дека тоа е на линија на нашите интереси за заштита на она што е интерес на Републиката и интерес на граѓаните на Македонија.

Актуелните состојби во економско финансиската сфера не се помалку алармантни дури и да ги надминеме сегашните конфлнктни состојби скоро неизбежно и брзо ќе влеземе во нова фаза на драматичен расплет тоа е социјалната фаза. Затоа перманентното заседание на Собранието на Македонија треба, пред се, да овозможи преокупирање на Парламентот со егзистенцијалните економски, стопански и социјални проблеми и прашања. За тоа, се разбира, се создаваат и адекватни услови затоа што Владата ги изготви своите гледања на суштината на економските и развојните процеси во Републиката и краткорочно и среднорочно.

Мораме да собереме сили, тоа не ни оди баш најлесно, во првите шест месеци на повеќепартискиот парламент и на плуралистичка Македонија и политичка волја за да и обезбедиме на оваа проблематика приоритетен третман.

Се разбира, јас не тврдам дека е возможно да се апстрахираме од она што како актуелна политичко безбедносна ситуација ни се случува и не опкружува, но подвлекувам дека во ништо не треба да бараме алиби за несоодветно поставување спрема алармантните состојби во македонското стопанство и спрема се поинтензивните процеси на социјалното осиромашување и назадување на материјалната положба на нашите граѓани.

Напротив, и на сегашната политичка ситуација и на оние состојби што не очекуваат, а кои што мораме поуспешно отколку до сега да ги предвидуваме, мораме во најголема возможна мерка да им пристапуваме од аспектот на нашите перспективи на економски, стопански, развоен и социјален план и се разбира сето тоа има и првокласна национална димензија.

Треба да ни биде јасно дека во време на технолошки просперитет и развоен раст како карактеристики и карактеристични тенденции за поширокото европско опкружување кон што ние оправдано тежнееме, нашите витални интереси, националните идеали и социјалните амбиции се во тесна поврзаност со способноста да ги надминеме економскиот застој и општата стагнација и да отвориме нов развоен циклус.

Македонија, како наша татковина и како суверена држава, ниту нашите граѓани, ниту светот нема да ја проценуваат по декларираната волја туку по нејзината способност да се трансформира во просперитетна и демократска заедница.

Овие зборови Ви ги упатувам на почетокот за да биде потполно јасно дека се залагам да градиме реалистичен и објективен однос спрема проблемите со кои што се соочуваме и да ги вреднуваме спрема нивното суштествено значење за нашите интереси и нашата одговорност пред граѓаните односно пред Република Македонија.

За да го реализираме проектот на нашата сопствена обнова, стварањето на модерна демократска заедница, суверена држава и отворено општество, нам ни се неопходни мир, стабилност, понатамошна демократизација и договор меѓу нас овде во Македонија и со останатите во земјата, со оние во соседството и во поширокото опкружување.

Актуелната политичко безбедносна ситуација не дава такви гаранции а ние треба да преземаме и да процениме како да се определиме и што да сториме за да ги изградиме неопходните компоненти и да го гарантираме токму тој неопходен процес.

Мирот во земјата е нарушен, при што се множат невралгичните места и простори и градат констелација на општо жариште. Во овој контекст ние мораме да сториме неколку работи:

- во нашата Република да ги елиминираме причините за загрозување на мирот.

- Крајно одговорно, добронамерно и со чувство за историскиот момент да почнеме да ги надминуваме разните поделености во Републиката а посебно се поизразените бариери во меѓунационалните односи.

- Македонија ќе биде стабилна кога ќе разбереме две работи:

- Првата е дека Македонија е национална држава на Македонскиот народ и
- Втората, дека е тоа демократска држава на сите нејзини граѓани што значи и на албанската народност и на турската и на другите што живеат во Македонија, што не допушта никакви мајоризации врз национална или било која друга основа и гарантира во најдобрата културна и меѓународно-правна традиција целосна заштита на човековите и националните права.

Кога ќе разбереме дека рангирањето на Македонците не и користи на националната кауза, туку собирањето без секташење околу нејзините перспективи и градењето на амбициозни и остварливи проекции за нејзиниот развој.

Додека конечно не обезбедиме подостоинствен живот во Македонија, никој не може да заслужи епитет ниту на голем ниту на добар македонец. Од тоа достоинство на животот во Македонија ние сме за сега и за жал далеку.

Понатаму, мораме категорично да ја афримираме нашата определба за мирен расплет на југословенската криза.

Каква врска воопшто со национален идеал за слобода и самостојност може да има репресијата спрема граѓани или дури и цели народи и што заедничко со цивилизациските нивоа кон кои што тежнееме имаат војната помеѓународите, човековите жртви и непочитувањето на интересите на сите со апсолутизирање на сопствените интереси.

Каква врска со остварувањето на вековните идеали може да има комплетното игнорирање на поширокие европски интереси, интересите и императивот за стабилен европски простор во кој што се отворени историски процеси за интеграција и продуктивна комуникација.

Во овој момент, соочени со опциите мир или војна на југословенските простории, овој Парламент, во името на Македонија има секако мандат да каже "не" на војната и задолжително "да" на мирот и на мирниот расплет на нашата криза.

Врз основа на тие принципи кои се општи цивилизациски и иманентно и македонски, наши треба да побараме од сите во земјата да се воздржат од употреба на сила. Силата, во крајна линија, е пораз на демократијата.

Подолго време се обидувам да ви го свртам вниманието кон опасностите за демократскиот процес и кај нас во Македонија. Апсурдно е докажувањето, сеедно о чија страна, дека е израз токму на демократскиот развој се жртвите, меѓунационалните судирања, економскиот колапс, а во некои возвишени цели што го игнорираат во крајна линија човекот.

Македонија на светската карта најпрвин ќе ја донесеме како демократска држава, а фундамент на мирниот и демократски расплет е договорот и способноста во толеранција и аргументирано со меѓусебно почитување и респект за правата на другите да дојдеме до реални, оптимални и за сите прифатливи решенија.

Демократските солуции не се едностраніте одлуки. Ние можеме да им се восхитуваме на компактноста на политичките структури и на словенечкиот и хрватскиот народ. Резултатите на референдумот и на плебисцитот се за восхитување со оние пропорции што ги искажаа во поддршка на политиката што е словенечка и хрватска и на тие мирни граѓани односно на тие мирни народи.

Ние не смееме да подлегнеме или да паднеме во искушение да го релативизираме вроденото право на овие и на сите народи да се самоопределат, што содржи во себе и право на целосна самостојност, но мораме да укажеме дека во сложената југословенска

структура осамостојувањето мора да биде изведено како целосно демократски чин, а тој е таков кога не ги погаѓа интересите на останатите.

Ние мораме сосема одговорно да го изречеме нашето незадоволство заради едностраноста на одлуките во Словенија и Хрватска, од причина што сме должни да ги заштитиме сопствените интереси - интересите на Република Македонија и на нејзините граѓани. Ако сме држава или ако сакаме да станеме сериозна држава, нашите интереси и интересите на граѓаните мораме едноставно да ги заштитиме.

Нашите интереси во овој момент се загрозени на неколку пунктови:

- Загрозеноста на мирот во земјата ја потенцира опасноста за нашиот мир.
- Практично изнудениот стопански колапс нас не погодува на драматичен начин.
- Европската перспектива што ја градиме и што ја посакуваме, во услови кога не се прифатливи едностраните акти за таа Европа, фактички станува се помалку реална и за нас.

Ова се толку значајни интереси, толку стратешки определувачки компоненти на нашите планови, што е јасно, барем за нас, за Македонија, депласирана е било каква еуфорија во врска со раздружувањето ка Словенија и Хрватска.

Уште повеќе што создадените преседани, набиени со негативна содржина и заради едностраноста на чинењето во Словенија и Хрватска и заради синхронизираниот негативен став на меѓународната заедница, а посебно на Европската заедница и САД, во овој момент сакале тоа ние да го признаеме или не, лимитирачки се одразуваат и на возвишеното право на самоопределуаање на народите, а тоа право му припаѓа и на македонскиот народ.

Принципот на самоопределбата, фактичките патишта да се стигне до реализација на ова право и трагањето по неговите доминантно демократски содржини, треба да бидат нашите преокупации кои единствено ќе овозможат квалитетно јакнење на нашата сувереност и фактичко, па ако сакате и формално стабилизирање на нашата самостојност.

Овие интереси на Македонија по својата природа не можат да бидат ничии монопол, па ни партиски монопол. Ако мене ме прашувате, тие не се ни ингеренција на овој највисок дом. Тие се ингеренција само на граѓаните на Македонија што имаат неотуѓиво директно право да ги регулираат..

Нашата улога може да биде осмислување и ширење, продлабочување на демократскиот процес кај нас, за да може во историска и во актуелна смисла да се валоризира правото на граѓаните.

Според тоа, централно прашање не е поддршката или отфрлањето на словенечката и хрватската политика, оти тоа е пак неотуѓиво и суверено право на тие републики, туку заштитата на интересите на Македонија и нејзините граѓани, заштитата на интересите кои поаѓаат од сувереноста на Република Македонија.

Ефективноста на нашата државност може да се мери само по способноста да се заштитата сопствените права. Нашите права, во овој момент се додатно узурпирани. За таа узурпација и воопшто како основа за водење на нашата политика и нејзино конципирање врз овие параметри, Владата и научните институции треба да направат анализи, научно фундирани согледувања и да му ги презентираат на овој Парламент и на поширокара јавност.

Нема никаква потреба едни други да притискаме околу веродостојноста и валидноста на нашата политика. Да ја објективизираме методологијата на нејзиното стварање и да ги прифатиме правилата на демократската комуникација и на демократското одлучување. Тоа е неопходно.

Се покажува и деновите, за жал, на драматичен начин, дека во екстремизмот и во екстремните политики нема бериќет. Екстремните раководства во републиките не доведоа до работ на катастрофата. Ако се спротивставиме на радикализацијата на односите во Југославија, а тоа го правиме и со нашите иницијативи, ние се легитимираме како реален и прифатлив фактор. Македонија само од тоа има полза. Ефектуирањето на нашата државност ќе биде долг процес на фактичко воспоставување на нашиот статус. Еден од неопходните фактори самостојниот статус слободата сами да одлучуваме веќе сме го освоиле. Државнички е мудро и национално е одговорно да не ја суспендираме сопствената слобода на проценување и одлучување со погрешни потези.

Временската димензија во историјата не е најважното, туку квалитетот на процесите. Нашиот историски процес на осамостојување, што кога се работи за Македонија и македонскиот народ не припаѓа ексклузивно ни на една етапа во нашиот развој, уште помалку на една политичка структура, ги има сите неопходни потенцијали да резултирам со квалитет. Тогаш ќе имаме Македонија по мерка на граѓаните, по наша мерка, и тогаш ќе бидеме свесни колку било неопходно денешната слобода на одлучување, како вистинска сувереност да остане недопрена и одбранета.

Одбраната на таа слобода нема ништо заедничко со изолацијата или самоизолацијата, со меѓусебните предрасуди или со предрасудите и инхибициите спрема другите.

Нам ни е неопходна комуникација со сите, меѓусебно овде во Македонија со останатите и без искучоци во Југославија, со сите соседи многу поинтензивна и подобронамерна и со Европа и со светот како неопходност во историска и национална смисла.

И на денешнава седница, на денешново заседание свесни за историските ризици што ги носат конфронтациите и загрозеноста на демократијата, на човековите и на националните права во Југославија, но свесни и за нашите објективни и субјективни хендикепи, треба да побараме мир, неупотреба на сила, обнова и интензивирање на преговарачкиот процес, како итна потреба да дадеме од наша страна и да побараме од сите гаранција за мирен расплет на југословенската криза без условување и притисоци за да се остварат неогуивите права на народите, што значи и на Македонскиот, но и на сите останати и да се заштитат човековите и националните права на сите без исклучок

И од денешнава седница на Парламентот на Македонија треба да искажеме отвореност за дијалог со сите во Југославија и со сите соседи.

Нашата политика е политика на демократија како витален интерес на Македонија. Нема основа за лажни  и вештачки пријателства кога ни е загрозен тој интерес и обратно има основа и за нови пријателства кога се поддржува тој универзален и светско-историски принцип.

Ве повикувам реално да ја процениме актуелната состојба и да го дадеме секој од нас, сопствениот придонес во надминувањето на овие тешки состојби незаборавајќи дека како претставници на граѓаните, тие сепак не ценат по тоа што го правиме да живеат подобро и побогато.

(Аплауз)

РАТКА ДИМИТРОВА:

Се јавувам од името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да го искажам своето разочарување од начинот и од дискусијата на младиот колега Зоран Крстевски. Се плашам, и до толку е моето разочарување поголемо дека оваа дискусија можеби плод на поискусните на малдиот колега беше еден намерно фрлен предизвик да се дазвуира на некој начин целата расправа и нејзината цел да дојдеме ние денеска во едно вакво тешко време до заеднички умен став што да правиме натаму да се сврти. Мислам дека нормално е во едно плуралистичко собрание да немаат сите пратеници исто мислење, меѓутоа никој од пратениците немаат право заради тоа што не мислат како него другите пратеници да ги навредува.

Јас би го замолила претседателот Стојан Андов да побара извинување од колегата Зоран Крстевски и да ни даде 10 минути пауза за консулатација на групата.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа вие госпоѓо Димитрова го барате, што има јас да барам овде е слободна говорница, а тој е овде слободен пратеник, ги има сите права, ги чу вашите барања овде. Јас од никого никогаш не сум барал ни осуди овде ни извинувања.

Пауза по барање на госпоѓа Ратка Димитрова.
(Паузата започна во 12 часот и 45 минути).
(По паузата седницата започна со работа во 14 часот и 15 минути).

СТОЈАН АНДОВ:

Ги молам пратениците да си ги заземат местата, и да продолжиме со работа.

ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници. Ние овдека сме со самиот почеток на седницата бидејќи рековме дека Парламентот постојано заседава, дека ќе имаме едно квалитетно информирање за она што се случува во Југославија. Општа е констатацијата на сите дека се случува војна, а ние се договараме и се договоривме да бидеме информирани секој час за тоа што се се случува во Југославија. Од тоа што се случува во рамките на Југославија нормално е дека ќе биде и основа за една квалитетна расправа за денешната седница на Парламентот. Во отсуство на тоа ми се понуди барање од новинарите не потпишано  и нема да се пушта понатаму, со барање за извинување за кое нема место и што го сметаме за непримерно. Ниту претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Љупчо Георгиевски ниту  ВМРО не го предизвикаа инцидентот, туку новинар од немакедонска националност. Нашата цел е ќе повторам, преку расправата за актуелната политичка состојба да видиме каде е Македонија. И нормално што треба да сториме. Ние се договаравме пред почетокот на оваа седница да бидеме единствени сега кога е тоа најпотребно заради единството на македонскиот народ без разлика на тоа кој на која партија и припаѓа.

Испадот на Зоран Крстевски нека му служи на чест, ќе остане запишан во парламентот и ке се памети. Затоа сметам дека ова што го почнавме, расправата а тоа е процесот на една разумна постапка за прогласување на Република Македонија за самостојна и суверена држава да го продолжиме да тој процес да временски не го ограничуваме, да се договориме одлуката да ја донесеме во вистинско време за што треба да се договориме, а сето тоа да биде сместено во уставно правните рамки. Ние, ќе повторам не бегаме

од Југославија,  ниту ВМРО-ДПМНЕ тоа го бара во овој момент. Ние само сакаме да ги знаеме потезите кој што ќе се влечат за остварување на она кога ние ги поддржавме преку давањето на поддршката на платформата на господинот Киро Глигоров и на Алија Изедбеговиќ. Тоа е сојуз на суверени држави па во расплет на југословенската криза, но да ги видиме потезите, ако потезот за прогласување на суверена Македонска држава е тоа ние треба да одиме по тој пат, и ние сме убедени дека тој е патот по кој што треба да одиме и да бараме разрешување на Југословенската криза.

Јас исто така сум должен да напоменам дека ние како партија нема да дозволиме да се врши никаква натамошна поделба на нашава Репбулика бидејќи Македонија е еднаш поделена. Оттука сметам дека треба да градиме и сопствен концепт без разлика на заедничката платформа бидејќи нашиот статус не е исти со статусот на Босна и Херцеговина во разрешувањето на југословенската криза.

Ќе повторам дека ние како миролубив народ најлогично е дека ќе се залагаме да она што го бараме, а тоа е суверена Македонска држава независна во сојузот да го оствaруваме секогаш на мирен и достоинствен начин. Меѓутоа, овде сакам да потсетам на некои моменти кој што вчера во договарањето јас ги спомнав, а тоа се прашањата за визијата како ќе се развиваат настаните во Југославија уште во 1988 година при склучувањето на договорите за давање на кредити на Југославија. Во тие договори точно е предвиден расплетот  на Југословенската криза и се поставени такви услови кои што денеска се остваруваат буквално со отцепувањето на Словенија . При добивањето на тие кредити јасно е кажано дека штом настапи раздружување односно отцепување на било која република Југославија не е веќе кредитоспособна и кредиторите, а тоа значи ММФ веднаш ги

прогласува сите дозволени доделени кредити. за стасани и врши наплата. Наплатата ја врши од било која република што се издвојува или од Југославија. Значі веќе во тоа време ние имаме една солуција која што и со издвојувањето на било која Република и дава еден уставно-правен карактер на самостојност и ја признава како меѓународен субјект во одужувањето и остварувањето на побарувањата на ММФ. Значи веќе со самиот тој факт предвидена е можност на одреден начин како може да се стекне меѓународно признание.

Ние рековме, нашата цел како поделена држава затоа ќе повторам нашиот статус не е истиот и еднаш за секогаш што седиме овде да ни е јасно дека Вардар тече према Солун, од тоа нетреба да бегаме, ние треба да сватиме дека нашиот народ е таму каде тече Вардар и доста еднаш за секогаш да плачеме за нешто што веќе сите тврдиме дека му дојде крајот. Да не должам многу, сепак да водиме една конструктивна расправа, да предложам да ги оставиме емоциите макар да не можеме да се отргнеме однив реалноста да ја преточиме во одлука од расправата која што треба да ја завршиме на еден достоинствен начин без разни подметнувања.

ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо, Јас мислам уште на почетокот да кажам дека време е малку да ги смириме страстите и да се најдеме во реалната состојба во која се наоѓаме крајно е време да не ги делиме прашањата што се од судбинско значење за оваа држава Македонија и веднаш да ја согледаме состојбата која е реална во Југославија, дека ние имаме нова реална состојба и таа нова реална состојба ни налага, значи не тера во тие услови и поинаку да размислуваме и поинаку да се однесуваме.

Денешната политичка и безбедностна состојба во земјата како што е познато опасно е загрозена. Се чини дека таа ги добива оние димензии и граници кои сакале или не стануваат претесни за да го соберат и во исто време да го спласнат набојот на политички национален и социјален план. Доминантноста на ирационалноста и исклучивоста кои имаат опасни претензии да го анулираат рационалното конструктивното, демократското и прет се да го исфрлат надвор од игра умот и разумот во функција на меѓусебен демократски дијалог и воопшто во општиот наш демократски развиток ни налага нам сега на сите и во оваа Македонија да се постави прашањето  кој е заштитниот механизам на Република Македонија во евентуално можен   и реален чин на загрозеност. Механизмите на сопствената заштита се минимални ниту пак Македонија некогаш градела или ќе гради стратегија на милитаризам. Ова значи дека и со никаков милитантен однос не ги нарушила досегашните односи во земјата држејќи се до тоа строго и принципиелно да одговори на демократскиот развој во секој поглед и без исклучивост. Македонија уште еднаш сакам да повторам дека за оваа Југословенска криза и за овој расцеп и за овој створен длабог јаз Македонија апсолутно, апсолутно не е виновна, ниту со еден било каков чин. Тоа можеме сите да го потврдиме, впрочем тоа го покажа на дело и со јасни факти пред цела југословенска и светска јавност, мегутоа фактите се едно и тие можат брзо да ја изгубат вредноста и тоа рачунајќи од 25 овој месец.

Кога се во прашање национал-фанатизмот и националната предоминација по секоја цена врз друга република тогаш начинот и средствата се разбира во нивна улога ќе станат првокатегоријални вредности без преседан за што еве и во суверена Република Македонија

секој нејзин граанин е сериозно загрижен, впрочем и на иднината гледа без перспективно. Дами и господо, народот во Македонија е вистински загрижен и ние мораме да го респектираме тоа, во вакви услови сегашни и тешки, во немоќна сопствена одбранбена моќ овој Парламент сметам дека има непречено право сопствената загрозеност и сопствената заштита да ја бара во меѓународната европска и светска јавност и во институциите кои веќе постојат за тоа. Тоа се институциите каде што припаѓаме ние и со нашите непоколебливи и демократски процеси и изградени ставови даваме голем и значаен придонес за мирен расплет на состојбите во земјата. Ова го сметам исклучиво како политички договор на повеќепартизмот во Македонија со што на политички план пред европската и светска јавност ќе ги зацврстиме и сопствените национални интереси , меѓународниот углед и ќе создадеме поволна политичка клима меѓу народот , овде сметам особено во менувањето на јавното мислење во позитивна психолошка смисла, за безбедносниот механизам во Република Македонија кој е, што е и каков е во дадената реална и тактичка состојба. Јас нагласувам дека ние не ќе можеме денес ниту утре ниту ќе сакаме и ниту ќе можеме во иднина да градиме воена стратегија и сопствен развој на тој план надвор од европските механизми кој всушност се и ке бидат наша сигурна потпора за сопствена заштита како суверена Република Македонија.

На крајот сакам да додадам и тоа дека два дена веќе се одложи оваа расправа и мислам дека конечно за да ја материјализираме оваа наша расправа и да покажеме пред јавноста дека два дена дискутиравме и донесовке нешто навистина треба да произлезе некакви заклучоци во тој стил и во тој дух, во духот на ова политичко време

или невреме, сакам да предложам неколку заклучоци, се разбира го респектирам тука и вашето мислење, доколку се прифата можат да бидат вградени во тие заклучоци кој на крајот од расправата ќе бидат донесени или видоизменети во секој поглед.

1. Под итно да се задолжи Владата на Република Македонија и надлежните комисии во ова Собрание за да се приготват сите уставноправни акти за осамостојување на Македонија т.е. немора ни на самата седница или утре туку да се подготви еден процес кој ќе ни обезбеди статус на достојни и рамноправни преговарачи во идната југословенска заедница. Сметам тука и на декларацијата и на платформата на господинот Киро Глигоров, тоа ни е добар капитал, јас ја навистина ја ценам како добар капитал, и

2. Да се обрати овој Парламент, мислам дека е многу добро и паметно од овој Парламент да излезе еден документ или заклучок како сакате ке го формулираме, да се обрати овој Парламент до европската и светска јавност до ООН, до КЕБС летното заседание на европскиот парламент и други соседни и европски земји какво енашето гледање за оваа состојба во Југославија и кои се нашите принципиелни ставови во разрешувањето на оваа криза. Со тоа да му дадеме и едно пошироко значење и

3. Сметам дека треба да се задолжи Владата максимално и во најголем степен да ја обезбеди сигурносната и безбедносната состојба во Македонија затоа што јас како човек сум лично закгрижен, затоа што Македонија е многу сиромашна и во тој обрамбен механизам е многу слаба и затоа во рамките на своите можности и на сите потенцијали што постојат во Републикава и преку другите форми во Југославија кои постојат, дали преку ЈНА и т.н. да обезбеди една сигурност на граѓаните, доста е беспарица ,доста е и немање на егзистенција, барем да му понудиме еден мир и да ги отстраниме овие

кавги што му ги сервираме постојано во овој Парламент. Еднаш да покажеме дека сме на висина и дека расудуваме разукно и умно како луѓе и како интелектуалци и како Македонци и како граѓани на оваа Република Македонија.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Почитувани пратеници, мислам дека  ретко кој говорник овде барем во досегашниот настап не повика  на мир, на спокојство на мудрост и тн. и впрочем немам ништо против таквите заложбии нема да претерам ако кажам дека овој Парламент денес полага еден од клучните испити на сопствената здрелост. Многу е битно и идните генерации по тоа ке не ценат а не само нашето културно ниво туку и нашата политичка зрелост за чекорите што ги преземаме во каква состојба ќе се најде Македонија, во каква состојба ќе се најдат другите генерации.

ТИТО ПЕТКОВСКИ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Токму по тоа се цени и големината и духовното богатство на еден народ ако умее да ги предвиди по тезите, настаните и согласно на тоа да ги сообрази сопствените постапки односно сопствените активности. Природно е ние овде како политички партии со различни програми да се разликуваме. Впрочем, и во нашите изборни и предизборни кампањи и предизборни активности настапувавме со различни погледи по клучни прашања од општествено-економскиот, политичкиот живот, па и по однос на дефиницијата односно статусот на Македонија на југословенската заедница. Некои партии и тогаш оценуваа дека Југославија е наша предност, како што впрочем други партии оценуваат дека Југославија е наш хендикеп. Тоа е богатството на плуралистичкиот систем да може преку борба на различни мислења и погледи без дисквалификации и омаловажувања да се дојде до најконструктивното решение. Јас верувам дека овој Парламент и после денешнава расправа, ќе може да го најде вистинското решение.

Да појдам од она што лично сметам, а дел од пратениците што говореа од мојата партија и го изложија. Ние и вчера слушнавме, за жал, слушнавме и од потпретседателот на претседателот на Републиката Македонија нема своја стратегија. Дека Македонија нема своја концепција, Македонија е во позиција на исчекување, како другите ќе решат и ќе одлучат и тогаш Македонија да се приклони кон едно гледање, кон една опција. Сакам своето мислење да го искажам гласно дека Македонија има своја стратегија за сопствен развој, има свое гледање за Југославија. Македонија има не само вое гледање, туку и гледањето на Македонија има одзив меѓу напредниот свет, едно од најпозитивните, што значи

има верификација за сопствените гледања и ладвор нашите иницијативи, значи Македонија има иницијатива во југословенски рамки на мирен, демократски, конструктивен начин да се разрешува југословенската драма, југословенската криза. Тоа не е никаква дефанзива. Прашање е колку наидува на одзив кај другите кои на друг начин ја покренаа разврската на југословенската криза. Но, едно во што сум убеден, покрај се ова што го има Македонија, Македонија исто така не може да прифати теорија на свршен чин. За да биде предкзвикана да реагира заради тоа што некој на определен начин реагирал. Јасна е нашата концепција уште кога ја усвоивме Декларацијата за суверена Македонија и кога ја усвоивме Платформата за ЈУ кризата, односно разврската за ЈУ кризата па кажавме за што се определуваме како Република. Според тоа, длабоко сум уверен дека ниту отцепувањето на овие две републики засега само Словенија, ниту остатокот од Југославија е варијанта која што е прифатлива за Македонија. Ова е едностран акт на Словенија и Хрватска, па ако го прифатиме ние на денешнава седница на Собрание, автоматски значи прифаќањето на таа концепција. Нашата конценпција е јасна дека не прифаќаме наметнувањето на туѓо решение за југословенската криза. Како што, исто така е неприфатливо да останеме во остатокот на земјата по отцепувањето на Словенија и Хрватска од причина што исто тоа јас не го сметам дека е тоа останување на Македонија во остатокот во земјата. Бидејќи за остатокот оние што сакаат да живеат по излегувањето на овие две републики и ако сака Македонија да живее во една таква заедница, ќе постапи согласно сопствената декларација и согласно сопствената платформа. Што значи, станува збор овде да се изразам така

шаховски за редот на повлекувањето на потезите. Многу е битен првиот потег во шахот, но најбитни се следните потези за да се добие партијата. Она решение што ние ќе го направиме безболно, без крвопролевање, без војна, на мирен и демократски пат да го спасиме ова поднебје како што имаме сите обичај да кажеме дека сме оаза на мирот, тие решенија да ги издвоиме. Во Македонија да не се пренесе сферата што се случува во Словенија и во Хрватска каде што народ гине. Ако успееме тие решенија да ги изнајдеме, јас мислам со тоа најголемиот долг према нашите деца према поколенијата и идните генерации сме го извршиле, а со ништо не сме наштетиле на суверенитетот на македонската држава.

Лично смислам, немам право да говорам во името на сите, но најголемиот број пратеници овде во овој Парламент сите ја сакаат Македонија како суверена самостојна држава во една заедница која што ја имаме и која засега цениме еден дел од пратениците е наша предност. Според тоа, ниту одговара месијанската улога на водачот на Хрватите Туџман ниту на Србите на Македони. ја, бидејќи за мене и едната и другата концепција се сосема националистички, исклучиви, а ние се определуваме за сосема други односи во Југославија кои што имаат карактеристика на многу попрогресивни и подемократски. Јас не знам како може да се прифати ориентација на водачи кои до таа мерка го поделија народот и народите во Југославија, дури ги поделија на национална основа и работниците, кои што апсолутно досега барем не се хранеа од идеолошките определби на националнат априпадност, туку пред се од трудот и односот кон трудот.

Наметнаа, значи упеаа да создадат атмосфера во Југославија на нелодносливост, без перспективност на заедничко

живеење, а длабоко сум уверен дека тоа не е интерес ниту на народите на големите републики, ниту на малите народи односно на помалите републики. Неможам да прифатам денес на прагот на XXI век да се нуди националната чистота како единствен спас за излез од кризата. Тоа се надминати теории, за жал, денес нас ни се сервираат. Според тоа, мислам дека немаме причина и мислам дека немаме причина да бидеме во ситуација на инфериорност, како што некои сметаат, да исчекуваме дали другите повлекле таков потег и ние веднаш. Не треба да бидеме ничии трабанти, тоа овде го договоривме во овој Парламент.

Друго што е карактеристично за Македонија околу мирна разврска за нашата криза. Јас би ве молел ниеден момент да не се испушти од факт, односно да се испушти од вид фактот дека секој трет жител во Македонија е припадник на друг народ, национално малцинство или етничка група. Според тоа, 1/3 во оваа Република живеат припадници на други народи, народности и етнички групи. За да се определиме за идната заедничка држава овде, мора да го респектираме и почитуваме мислењето и на сите тие луѓе. А ние сме историски, така да кажам судбински предодредени да живееме заедно на овие простори сите. Мора да градиме мостови да живееме заедно. Националната исклучивост може да доведе само до хаотична состојба. Колку сме чувствителни на националното, еве јас мојот личен пример ќе ви го кажам пред два дена што на ова Собрание говорев за Законот за образованието и тоа реков дека треба само Владата и Министерството да ги преиспитаат причините поради кои не се спроведуваат овие закони, што ги донесе Парламентот пред три дена, односно пред три месеци и врз основа на тоа да предложи дали законите треба да се менуваат или не

треба да се менуваат. Не само дома, туку и тука имав многу јавувања од загрижени Македонци кои викаат дека еве сум ги изневерил нивните очекувања, бидејќи инклинирам јас кон расположението албанско. Не дај боже да речев дека тие закони треба да се менуваат, тогаш верував дека денес ќе имаше петиции овде и да бидам отповикан. Според тоа, колку сме чувствителни во сферата на меѓунационалнит односи, толку е поизострена нашата одговорност во повлекување на потезите овде за идната судбина на Македонија во рамките на југословенската заедница.

Морам да кажам, еве нека прозвучи малку и патетично, меѓутоа неколку пати нашиот претседател овде повторува и во своите интервјуа зошто да одиме на варијантите на раздружување кога природно како луѓе сме упатени на здружување, повторно на соработка. Зошто да се руши нешто што може да се надогради. Наместо да одиме на трансформацијата на односите, на радикални потези, кои оставаат трауматични последици по односите и меѓу луѓето, меѓу народите а да не говорам меѓу самите луѓе што мора да живеат едни со други. Значи, се определувам навистина за едно решение, мудро решение кое нема да го доведе македонскиот народ и сите граѓани што живеат во Македонија во позиција во која што се наоѓа Словенијак во која што се наоѓа Хрватска. Со оружје, со сила, со репресии, ништо не се решава, или можеби ќе се реши само за многу години, А, јас не гледам дека Македонија се приклонува на окрњена односно спалена Федерација ако чекаме, а во тој период Владата како што еве истакна претседателот на Владата подготвува акти, Владата дури е спремна според оние информации до утре да ги понуди сите акги за самостојна Македонија. Според тоа, тоа не ни гине. Да работиме на она што можеме да го спасиме и

на мирен начин југословенската криза да се разврзе. Ако сакате, ако го прашаме и нашиот обичен човек за што се определува, дали се определува за наоружување, за калашникови, за панцерни кошули, за униформи, тенкови или се определува за леб, за спокојство, за мир, за извесна иднина, јас ве уверувам дека тој ќе го прифати тоа второто, без оглед на националнат априпадност. А ние како Парламент имаме обврска тие очекувања на луѓето, на граѓаните на Македонија да ги оправдаме.

Нешто што не можам да оставам да не го кажам своето мислење по однос на така да го наречам оној инцидент со новинарите вчера. Во основа сум против секаков притисок на новинарите. Затворањето на устата на новинарите во услови кога во Македонија царуваат емоциите, а во Југославија националните поделби, може да биде катастрофално. И за народот кој се определува за демократска разврска, а може да биде за вкупните и меѓунационалните односи. Според тоа, што значи зависно новинарство или новинарство под контрола, ние сме сведоци, тоа го гледаме денес во Југославија. Што значи контрола без оглед на средствата за јавно информирање сведок е ТВ Белград и "Политика" и Загребачки весник и Љубљанско дело, се она што мора да ја спроведува политиката само на една партија. Еден тоталитаризам идеолошки се заменува со национален тоталитаризам. Тоа е разликата во суштина за положбата на човекот, на граѓанинот, на индивидуата, нема никаква. Според тоа, она што се случува денес во Македонија, во сферата на новинарството, јас би препорачал тоа да го негуваме. Можеби тоа е предност што овој Парламент е таков распоредот на силите во овој Парламент, па ниедна партија нема такво мнозинство за да може да наметне своја политика на средствата за јавно ифнормирање. Тоа не е наш хендикеп и јас мислам дека тоа е наша среќа.

наша предност. А можеби во целата оваа слика околу новинарството, во отсуство на правна држава има, јас немам аспирации да бранам новинари неодмерени што дисквалификуваат граѓани што служат како некои потпароли итн. Станува збор за новинари кои објективно треба да пренесуваат она што се случува во овој Парламент, а инструментите на правната држава се тие што треба да се применуваат.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Мислам дека еднаш треба да престанеме со вакви дискусии од типот на едноумието. Помина времето на едноумието господа. Господинот Тито Петковски на цели народи им одзема право да се изјаснуваат како и со кого ќе живеат, па мислам такви работи не смееме да си дозволиме да се нарекуваат словенечкиот и хрватскиот народ националистички, исто така не држи. Тие си имаат своја опција и да ги оставиме нив на мира.

Уште една работа, мислам дека постојано ни се наметнува точката околу дискусија за случајот што се случи вчера со испадот на господинот Ерол Визаов. Мислам не е време да расправаме за такви работи, затоа што ако треба ќе закажеме една седница каде што ќе расправаме за средствата за јавно информирање. Постојаното нафрлање за расправање на ова барање од т.н. независни новинари кое патем речено, гледате дека не е потпишано, мене ми личи на една анонимка, а вчера тука слушнавме дека анонимките не се расправаат во ова Собрание, па мислам дека господинот Тито петковски време е да престане со дискусии кои личат и имаат конотација на една наизлонична струја од плус во минус.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Само заради јавноста, а бидејќи ова се пренесува пред јавноста, јас не употребив термин националистички народи, туку бев прецизен, водачите реков националистички и во Хрватска и во Србија. Идентивијацијата на народот со водачот е опасна работа.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Мислам дека објаснувањето не стои, не држи, бидејќи тие според Тито Петковски т.н. националистички водачи се избрани од народот и по волја на народот и тие се на еден начин легитимација на народот. Така, логичка е паралелата дека националистички водачи се однесува и на националистички народ.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Почитувани пратеници, ме чуди од каде толку нервоза за определени работи, ако некои работи ние сакаме да поминат, не фаќаат некои обнови и веднаш нервоза, веднаш дискфалификации, веднаш калемење. Поинаку може да се толкува, освен националистички раководства, раководствата кои сопствениот народ го втераа во војна денес и таму гине. За разлика од раководството на оваа Република која многу мудро и докрај бара разврската да се заврши бара по демократски и мирен пат.

Сакам да го искористам моето излегување овде и за тоа господинот Стоиле Стојков кажа дека се навраќаме на новинарите. Јас мислам дека господинот Стефковски се наврати на новинарите, па отвори простор повторно да се дискутира за тоа, а никој друг.

Уште господинот Стефковски би го прашал што му значеше "новинар од немакедонска националност". Што практично значи тоа, што сакаме со тоа да кажеме и дали така ќе правиме суверена самостојна држава. На тој начин ли ќе правиме. Кој е тој што ќе ни верува дека ќе направиме суверена, самостојна, економски здрава и демократска држава. Мислам дека треба да се запрашаме дебело за таа работа, бидејќи овој македонски народ и сите граѓани во Македонија не гледаа на она што ние се залагаме формално, туку суштината што е тоа за тоа што ние се залагаме. Дали е таа демократска држава или бараме да се случи нешто слично како во Хрватска и во Словенија.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Бошков. Но, бидејќи тој бара повторно реплика, тогаш не може да се јави за збор. Ако повеќе нема реплики, ќе му дадеме збор на господин д-р Стојановски. Засега има уште 15 учесници во расправата.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе. почитувани пратеници, иако сме заморени, но мислам дека моментот и мигот е таков што замор не би смеело да има, но би требало да има толеранција. Да се слушаме и секој има право да си го каже тоа што го мисли. Никој нема право никого да го навредува. Се наоѓаме во историски денови и пред историски одлуки. Зад секој пратеник стои народ кој го бирал и немаме право бирачите да ги изневериме и да донесеме одлука за која тие не ни дале мандат. За секој таков потег би биле осудувани од нив.

Во вчерашното излагање на претседателот на Владата д-р Кљусев прецизно и јасно се изнесе состојбата во земјата и даде заклучоци кои се јасни и прецизни. Еве го првиот, до крај искористуваше на сите можности кои ни се на располагање за разговори и врз база на Платформата Глигоров-Изетбеговаќ, на Платформата на СИС  па и најновите дадени од Кучан и Туѓман.

Второ, Владата ги има подготвено сите акти за раздружување ако тоа стане нужно. Мислам дека тоа е сосема јасно. Несватливо е цела Европа преку своите парламентарци, кои ја посетија нашата земја пред некој ден изразија отворена симпатија и дадоа јасни определби како сојуз на самостојни држави, во името на Жак Делор и Жак Сантер кои разговараа со сите претседатели на републиките поединечно и заедно.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ: (Продолжение)

На состанокот на КЕПС на 20 јуни 1991 година донесена е Декларација за проблемот на Југославија со иста содржина и препорака искажана од името на Жак Делор и Жак Сантор.

На 21 јуни 1991 година министерот за надворешни работи на САД Бејкер претстојуваше 2 дена во Југославија и водеше разговори со сите претседатели на републиките поединечно и заедно и го поддржа ставот на Анте Марковиќ кој на 21 јуни 1991 година говореше пред Собранието на СФРЈ за единствена Југославија како сојуз на суверени држави, што е содржина и на Платформата Глигоров-Изетбеговиќ.

Понудени се и 4 до 5 милијарди американски долари за излегување од економската криза, ако останеме како единствена Југославија. Тоа е шанса која не смее да се пропушти од многу причини. После сето ова што ни останува. Или да прифатиме тоа што ни го нуди паметна Европа за мирно разрешување на кризата, мир во земјата, разрешување на сите недоразбирања со дијалог, обезбедување на демократски развој на земјата, спроведување на програмата на економската стабилизација и политичка стабилизација на земјата програмирано од Сојузната Влада, призната од светските експерти и КЕПС, или продлабочување на националните судири, на политичката криза, а со тоа тотален економски крах, братоубиствена војна и најпосле интервенција на европските сили, а првенствено на

соседите како божем некои спасители и повторно ропство што го имавме 1941 година. На таква одлука ние пратениците немаме право без да го прашаме народот што не бирал. Нему му е доста недоразбирања и кавги на лидерите, само звани вождови. Народот не сака сиромаштија, беда.

СТОЈАН АНДОВ:

На листата на говорниците овде доаѓаат и нови имиња. Гледам дека се повторуваме.

Се јави за збор господинот Киро Глигоров, претседател на Републиката.

КИРО ГЛИГОРОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Внимателно ја слушав еве 2 дена целата расправа. Се работи за многу сериозни прашања, треба да имаме трпение и меѓусебно уважување, да се ислушаме и да процениме со нашито заеднички ум што е најдобро да направиме, но во исто време за да можеме и да одлучуваме со полна одговорност, треба да водиме сметка во кое време живееме и што треба да сториме.

Добро е што се постави оваа точка на дневен ред, да ја разгледаме безбедноснта и политичката состојба во земјата. Нужна беше една таква дебата. Веројатно во времињата во кои живееме тоа ќе треба да биде почеста практика, бидејќи и единството на крајот на краиштата кога се работи за најсуштествените прашања на нашиот народ од национален или било кој карактер, неможе тоа единство *да.* се постигне доколку и не течат дебати, не се слушаат

аргументи и меѓу нив и алтернативите шта ќе се нудат да видиме кој е најдобриот пат за нашиот народ, а мислам затоа сме овдека и тоа е наша одговорност.

Овие дебати меѓутоа го покажуваат на определен начин и времето во кое живееме. Јас го разбирам тоа и луѓето кои како истапуваат сакам да ги разберам и кога излегуваат со големи емоции, со патриотски говори и т.н. Сета негова сериозност е пред нас. Всушност и неговата трагика. Неизвесностите,со кои сме соочени и сите опасности кои ги носи, но и големата надеж дека ќе можеме од се ова да излеземе со едно решение кое на нашиот народ и на народите кои живеат околу нас ќе им отвори една друга иднина. Тоа треба да ни биде крајната цел. Ако неа ја имаме пред очите мислам дека би можеле многу пореално, посмирено, со пониски тонови да говориме за работи кои се многу тешки и сериозни. Знаете кога се говори на еден голем собир, да кажеме од 20, 30 или 50 илјади луѓе, се тоа што ќе се каже на еден таков голем собир, со големи емоции, за да се стекне доверба кај тој огромен аудиториум е една работа, а кога говориме овде во Паралраментот како избрани луѓе на кои ни е дадена доверба да донесуваме одлуки кој може да бидат судбоносни за нашата земја и нашиот народ не се држат такви говори. Мораме да говориме со аргументи, реално да размислуваме за се што е речено, да вагаме и после тоа да донесуваме одлуки.

Слушајќи овде 2 дена што се дискутира, ми падна на памет, одамна сум го тоа некаде тоа прочитал кај Крлежа, ќе го парафразирам сосема слободно, но смислата е таа: "Еден погрешно изговорен збор лоша реченица, лоша реченица матна мисла. Матната мисла не дава добра идеја, а можеби означува и збрка во главата".

Зборото има голема тежина и треба да го мериме зборот кога говориме а особено за теми кои се крајно чувствителни и кои можат да ни овозможат или да не овозможат да расправаме за судбински прашања на овој народ.

За жал, морам да кажам, минатата седница кога така неопрезно разговаравме со високи тонови, со обвинувања и т.н. за едно меѓунационално прашање, чувствително за стабилност и рамнотежата на оваа Република, во овие времиња кога се на повидум и разни други видови на разврска па и воена разврска па и денешната па и вчерашната наша расправа пак, доколку не водиме сметка за тоа, нема да не доведе до добар резултат. Ние мораме во Парламентот да ги стишаме страстите и да разговараме како одговорни луѓе за се она што не чека, односно она што треба да биде наша честопати тешка одлука која можеби интимно не сакаме да ја донесеме, но која мора да се донесе од името на тоа да го сочуваме мирот во земјата, да сочуваме тоа дека оваа Република има таква и таква политика која наидува на признавање во земјата и странство. Тоа е нашиот капитал. Ние не можеме да се фалиме ниту со оружје ниту со големи војски. Ние неможеме да се закануваме ни со економски ни со незнам какви притисоци санкции и т.н. Нас она со што разсполагаме, тоа може да не извлече, а тоа е да имаме една добра, здрава, фнационална политика, која може да ја разбере светот, која никого не угрозува, а од друга страна може да биде основа да добиеме пријатели, да добиеме поддршка и полека да ги оствариме нашите национални и сите други наши цели.

Денешната ситуација, за жал е таква да се Југославија спомнува во Европа како тежок болник на кој треба да му се помогне

но, и како темпирана бомба, ова се се почесто сега како асоцијација користи, под чие разорно дејство ако се запали фитилот постојат огромни опасности и тешко кој во Европа може да се заштити, а мали бомбички експлодираат секој ден и секој ден има по некој загинат, а бројот на загинатите се зголемува. Од ден на ден единствена коњуктура во Југославија се покажува да има оружје. Ние веќе не зборуваме за економска конјуктура. Немаме ни културна некаква конјуктура на средби, на размислувања за еден подруг културен цивилизиран начин на живеење. Сите очи сега се вперени кон тоа кој како може да дојде до некое оружје. Никогаш повеќе оружје не било во Југославија и никогаш поголема несигурност. Значи оружјето не било гаранција дека ќе бидеме сигурни.

Главниот артикл, како што реков сега е оружјето, а не се она што Европа ни нуди, како средство да излеземе од економската криза и да се отвори патот за асоцирањето на Македонија и Југославија во Европските економски текови. Дури гроза ме фаќа кога слушав и слушам повеќе пати од доста одговорни луѓе што сака таа Европа кога нам ни нуди 4, 5 или незнам колку милијарди долари. За нашата национална кауза никакви милијарди не доаѓаат предвид и т.н, или не знаат ништо тие од ЕЕЗ кои ни препорачуваат по мирен пат да разговараме, да се здружуваме, еве препорачуваат некаква Платформа која се обидува да биде компромис и на некој начин да овозможи заеднички дијалог, не знаат ништо тие за Југославија и што се случува за Југославија и т.н. Тоа само говори дека ние сме се така сродиле со оваа ненормална ситуација во земјата да веќе не можеме да ги следиме луѓето кои во мирни услови на живеење и свртени кон иднината и се она  што ги поврзува

народите во иднината што по 100години војувале во минатото. Нашата логика е една первертирана логика, до крај. Ние другојаче размислуваме. Нашата скала на вредност е сосема друга, не е веќе таа за која инаку полни ни се устите, Европска интеграција, цивилизација, цивилизациски придобивки, хелсиншка повелба, париска повелба, се што се случува во оваа земја нема врска со овие повелби и со таа ориентација. Ова го говорам заради тоа да бидеме свесни во каква атмосвера се случува се ова што се случува и дека треба да размислуваме и разговараме на начин постепено да се апстрофираме од таа атмосвера со која не хранат од сите страсни секој ден да го сочуваме сопствениот мир, мирот во Македонија, разумот во расудувањето и отвореноста спрема се што може преку мирни спогодби и договори да не доведе до тоа да ги оствариме своите национални цдли и во исто време да ни се отвори патот кон Европското здружување.

Во врска со тоа да кажам сега неколку зборови за предлогот за Резолуцијата која предизвика толку голем шум и такви расправи помеѓу нас.

Ваков акт ни во една скупштина во било која република во Југославија, да не говорам за надвор не би можел да се појави и да биде предмет на разговор пред претходна меѓупартиска расправа и договор и за тоа државните фактори за тоа да не се воопшто информирани. Да се во ваков Парламент дојде веднаш со таков предлог, со инсистирање, тој ден да се раправа и усвои, однапред требаше на секого да му биде јасно што ќе предизвика овој Парламент и до што ќе дојде. Ние со ова го збунивме нашиот народ, со овие сите наши расправи и контраверзи. Го поделивме, место да го

обединиме, а за ваков акт да се донесе во најмала рака е потребен, ако не 100%, максимуммално можен концензус. Кажете ми дали се појави било кој акт во Словенија, во Хрватска, во Србија и било каде од ваков карактер, а да претходно не биле водени дебели расправи меѓу партиите и несогласувања, можеби и поголеми не согласувања од овие што ги ние јавно денес изрековме за да се дојде до она што е рационално прифатливо, да му се понуди на народот и сите заедно тогаш да го браниме тој акт пред овој наш народ ако сакаме тој да биде прифатен, ако е навистина тој акт кој не доведува до целта.

Јас морам да ви кажам, а после одржаната конференција за печат за која и незнаев и после, бидејќи се подели овој предлог на тие пратеници а госпогата Ратка Димитрова изненадена, кога ме сретна, дека не сум запознаен со овој предлог ми го предаде својот примерок. Тоа е вистината, Но, вистина е и тоа дека Владата и претседателот на Владата не е запознат со тој акт, а треба да влеземе овде со"грло во јагоди" и да расправаме  за оваа работа а ние донесовме и имаме извонредни акти кои се основа врз која се темели сега македонската држава и кои не упатуваат и како практика како треба да работиме. Така ја донесовме Резолуцијата за сувреноста на  Републиката, трака ја донесовме Платформата за разговори и преговори со која ги овластиме нашите делегати да разговараат. Зошто беше потребно ова вака да биде изведено, Мислам, никого не оптужувајќи и несакајќи воопшто да го обезвреднам овој акт и овој чин, само ова го кажувам да извлечеме една добра поука од оваа работа дека Парламентот бара многу поголема посложена работа за да може ефикасно и рационално да одлучува.

Не може тој да се претвори само во меѓупартиски надметања, како што сега беше случајот. Неможеме ние во овие времиња кон тоа да се ориентираме, ако сме свесни, како што реков во какво време живееме и какви одговорности носиме.

Не можам а да не кажам иако не е тоа сега на дневен ред дека минатата седница, неподготвена, за едно многу чувствително прашање се дискутираше околу тоа дали на 2 јазика ќе се пишува во дневниците, а покрај официјалниот македонски јазик и на албански јазик, а овде се дискутираше, разговараше и јавноста се информираше и ја доведовме во полна заблуда, како да се работи за тоа македонскиот јазик да е дискриминиран и треба да се исфрли од употреба. Тоа е една крајна невистина. Ние разговаравме за предлог кој изгледао до крај не беше сватен, за што се работи.

Ние не смееме тоа веќе да го дозволиме и резултатот е Собрание кое не е цело и кое не може дури вакви акти од значење некомплетно да ги донесува, ако сакаме утре да бидат оспорувани и означени како нелегитимни. За тие постапки мораме да водиме сметка.

Јас знам дека ова е пишувано на брзина, тие работи обично така стануваат, кога се тргне од проценка, или сега, или ќе го пропуштиме возот. Утре кој знае што ќе стане со Македонија.

Овде на една страна од 4 члена, бидејќи 5 член вели само дека Резолуцијата влегува во сила со денот на нејзиното донесување, основната определба, покрај тоа да сме самостојна и независна држава е, Република Македонија се изјаснува за пристапување кон сојузот на суверени држави Иницирал од државите Република Словенија и Република Хрватска. Мене ништо не ме погодува, однапред да се разбереме, што овде не се спомнуваат нашите предлози, но ние

се изјаснуваме однапред дека сме за сојуз на суверени држави кои ќе го предложи Хрватска и Словенија, да не знаеме воопшто што е содржината на тој предлог. Тој не постои уште. Тој е навестен дека ќе биде предложен. Така се случуваат работи кога не се подготви една ваква работа со сите кои се нужни за да можеме да предложиме нешто што ќе биде темелен историски акт на една Македонија, на една држава.

КИРО ГЛИГОРОВ: (Продолжение)

Ова го кажувам како поука, како нешто за што треба да водиме сметка. Заради тоа мислам дека пред да излеземе со ваков акт...

(Во салата му беше нешто предадено на претседателот Киро Глигоров.)

Веднаш да ви кажам да не мислите кој знае што е пред мене.

Амбасадорот на Европската економска заедница се јавил пред извесно време за да праша дали навистина Македонија сериозно мисли денес да се отцепи од Југославија и сака да ги даде следните предупредувања, дека тоа не е паметно, дека тоа нема да биде поддржано, дека тоа не се очекувало и очекува од досегашната мудра македонска политика и бидејќи му рекол дека таков акт по мое мислење не треба да се очекува, јас верувам во разумот на нашиот Парламент, еве, белешката која сега ја добив,"Амбасадорот на ЕЕЗ Јансен однапред ви благодари за ставот "што сте го зазеле, сака уште еднаш да ве охрабри и знаеше дека Македонија е најблиска до ставовите на Европската економска заедница.

(Во салата настана долготраен силен аплауз)

Сакам и следното да го кажам. Се ова не значи ниту дека ние сме се откажале, ниту ќе се откажеме било кога од донесената Декларација за сувереноста на Македонија, ниту ќе се откажеме од тоа дека нашата генерација мора да обезбеди суверена Македонија. Со кого и како ќе се здружи овде ќе се одлучува, но ме чуди дали тоа не е тешко македонско историско наследство овде да се слушнат и зборовите од претседателот до сите други што е тоа што се чека,

дали можеби тие ги промениле мислењата, се до такви слухови дека има завера Македонија да остане вака,да биде "српска провинција". и такви работи. Зарем не ни е доволна македонската  историја кога ние сите наши највидни луѓе сме ги оптужувале и меѓусебно сме се оптужувале дека сме слуги на оваа, на онаа, на трета држава и да требаше толку долго да чекаме за да може 1944 година на 2 август, на АСНОМ да се формира Првата македонска држава. Каков е тој однос кон оние на кои сме им дале обврска да бидат на определени места дури го уживаат тоа наше доверие, да ги држиме под сомнение, под куратела или пак постојано да демнеме, што би рекле другарите, да демнеме да не скршат, бидејќи ние сме тие што се бориме за чистата македонска идеа и без нас таа ќе пропадне ќе се продаде. Немојте другари, дајте да избришеме сето тоа од нашите глави. Ние сме сега пред таква историска одговорност исправени што секој од нас мора пет пати да се преиспита пред да каже некоја таква работа за некој човек. И мене ми е жал што било за еден друг или трет човек паднаа такви лоши зборови овде денес. Ние мораме да се однесуваме со многу поголема доверба. Инаку, ние не сме зрели за држава, ниту треба да се чудиме зошто не не призназаат некои за нација.

Еве, во тој дух денес со оглед на се што слушнавме што се случува во Словенија, другарот Васил Тупурковски и јас упативме едно писмо до сите членови на Претседателството на СФРЈ до сите претседатели на претседателствата и на републиките, претседателот на Сојузниот извршен совет и на Собранието на СФРЈ, во кое го рековме следното:

"Последниве денови дојде до ново драматично влошување на вкупните, а посебно на безбедносните состојби во земјата. Сведоци сме на ескалацијата на меѓурепубличките и меѓунационалните конфронтации како и на реална опасност од судири помеѓу силите на Словенија со ЈНА. Паднаа и нови човечки жртви.

Оценувајќи дека ситуацијата во земјата носи непредвидлив развој и опасности со несогледливи последици на народите и републиките, како и за земјата во целина, ви предлагаме веднаш,по можност уште денес да се одржи седница на Претседателството на СФРЈ со претседателите на Собранието на СФРЈ, Сојузниот извршен совет и на републиките со следниот дневен ред:

1. Избор и прогласување на претседател и потпретседател на Претседателството на СФРЈ и разгледување на политичко безбедносната ситуација во земјата.

Неопходно е без никакво одлагање да пристапиме кон мирен демократски расплет на кризата во земјата, да се спречат нови жртви и да се продолжат преговорите за идните нови односи во југословенската заедница".

Ние сакаме нашата Република, се разбира тоа да не се толкува од некое општо хуманистичко и алтруистичко становиште и од таа гледна точка сме за таа политика, но пред се заради тоа што сметаме дека тоа е во животен интерес на нашата Република. Таа засега сочувала мир, се отворија некои можности во странство да ја презентираме нашата отворена мирољубива политика со желба да имаме односи без граници со сите наши соседи и да сме до крај спремни па ја реализираме и во нашата Република и да се подготвиме за вистинска европска опција и таа политика е основа на нашето претставување на Македонија во светот и таа тоа треба да остане.

Ние сме готови, еве може од овде да се порача да се сретнеме на највисоко ниво со претставителите на Албанија, со претставителите на Бугарија, на Грција и да разговараме за такви односи, на таква база уредени односи, ја даваме и таа иницијатива најотворено пред лицето на целата јавност. Немаме ние зошто да не ги чиниме тие чекори, се разбира, секогаш тргнувајќи од позициите и интересите на нашиот народ но со една таква широка отворена опција. Дали е тоа кога се слуша во печатот или инаку од поединци дека оваа Република нема своја стратегија, дали тоа е вистина? Дали тоа не е таа основна стратегија која дава слика за Македонија и утре ако дојдеме во било каква положба да можеме да сметаме на поддршка, разбирање, пријателство насекаде да можеме да бидеме заштитени. Наместо, тоа нам ни се нуди да правиме и ние паравоени формации, да правиме војски, тоа ли ќе не заштити сега? Ние имаме и по тоа становиште, и по тоа прашаше имаме свој став. Во Платформата пишува дека териториjалните единици, териториjалната одбрана, се бориме за такво заедништво, ќе бидат под команда и на располагање на Републиката и таа со нив ќе управува. Треба ли сега ние од овој  наш народ кој едвај живее од овие, доколку ги прима, се разбира загарантирани лични доходи уште да даваме пари  за "калашнмкови"  за сингапурски пушки или некои сега што почнаа да купуваат топови. Колку ќе купиме ние од сето тоа за да можеме да го одбраниме загрозениот македонски народ ако дојде до тоа. Дали е тоа нашето главно оружје? Се разбира, ќе го сториме и тоа, и тоа целиот народ ќе стане на нозе како што сме имале македонска војска пак ќе имаме ако треба, но сега ли треба тоа да го правиме и тоа ли нас ќе не заштити? Да не зборувам за други работи, и други предлози па после тоа се извлече заклучок оваа Република, рече, нема своја стратегија. Второто е не е подготвена. Јас овде по четврти

пат соопштувам дека Влдата добила одамна задача да ги подготви тие документи и тие документи како сум известен од претседателот на Владата, а и се уверив, се и подготвени и постојат. Постојат не вака упростено, како што е овој предлог, туку онака како што мора да гласат тие акти за да бидат сериозни и да имаат некој последици.

Во врска со тоа морам да кажам дека моментот кога тоа ние ќе го сториме тоа нема да го определи во Југославија никој. Тоа ние ќе одлучиме, ќе процниме кога е тој момент. Дури сега да процениме дека е моментот да донесеме такви акти, јас не би ги донел на 27-ми после донесените акти во Словенија и Хрватска. Ние ќе го процениме моментот кога треба тие акти да се донесат, а не заради тоа што се случило тоа и тоа, ние мораме сега веднаш да го сториме истото.Зошто? Врз проценка на кој интерес? Ситуацијата не е еднаква ни во Словенија ни во Хрватска. Да ви кажам само неколку примери. Еве, тие се се договараат. Словенечкиот акт гласи: - ова е акт на дефинитивно раздружување. Хрватскиот акт гласи: - ова е акт на почеток на раздружување. Видете сега каква е тоа битна разлика. Тоа е само една работа, да не говорам за овие работи, на пример, донесоа стотина закони хрватите и истовремено ги ставија во фрижидер. Ниеден не е во дејство. Претседателот на Републиката се овластува еден по еден да пушта во дејство кога ќе оцени дека е потребно. Реални луѓе кој знаат какви се последици можат да бидат и дека тоа неможе ништо да се заврши со еден акт и со сто закони, дека тоа е долг процес во кој мора да се решаваат стотици и стотици крупни прашања и дека секој погрешен потез може да чини многу  и не случајно заради некои такви неопрезни одлуки имаме сега на еден дел од нивната територија многу суштствен дел

кој не може да опстои, ако не е армијата таму. Сакаме ли и ние тоа да го направиме овде и зошто? Или, тие така однапред позитивно оценети акти, да ви кажам само еден пример. Словенија меѓу другите донела закон во кој го пишува следното: "Народната банка на Словенија е самостојна и гарантира таа и словенечката држава за сите девизни штетни влогови само на граѓаните на Словенија", што значи дека сите девизи и сите динарски влогови наши, а пред извесно време прочитав во хрватскиот печат дека 600 милиони долари има девизи во словенечките банки од хрватски граѓани тие влегуваат во стечајната маса, па ако остане нешто, ако биде ќе биде,ако не на никој ништо. Не можеме ние, почитувани пратеници, така некритички токму за тоа што сме македонци, што имаме такво искуство сите што живееме во оваа Република, на оваа почва, неможеме ние според другите да се однесуваме, ниту да мислиме дека другите најумното го измислиле. Тоа е пак потценување на нашиот сопствен ум. Белки толку созреавме да можеме да оцениме кога за Македонија ќе биде најисправно и најдобро да донесеме одлука која сите така изгледа желно ја очекуваат, а никој не знае што ќе стане после тоа. Можеби денешните настани кога ќе ни бидат повеќе познати, бидејќи секој час по нешто се случува ќе им стане појасно дали треба така да се постапува оки треба секој таков чекор, сериозен чекор добро да се промисли и врз секој таков крупен чекор, пред се, да се обидеме да дојдеме до консензус. Ако не друго, барем да е мнозинството убедено дека тоа е така и така треба да биде. Се друго е притисок кој никаде не дава резултат, никаде само ги влошува односите, а ние треба да го сочуваме овој Парламент како способно тело. Може да дојдат многу тешки мигови за оваа земја и за нашиот

народ кој ќе има меѓу себе доверба и кое ќе биде способно тогаш да ги донесува и многу тешки и нерпијатни одлуки.

Ете, јас не би сакал иако морам да кажам дека имам многу забелешки и асоцијации после овие наши два дена кои ако правилно заклучиме од се ова што се случи, мислам дека ништо лошо нема да биде, треба сите тие работи да се заборават, нема Парламент каде што нема чарки и каде што нема недоразбирања, па и навреди.

Ми е жал што дојде до такво неразбирање со новинарите, Тие се нашите први така да кажам соработници од кои многу зависи што ќе се презентира на јавноста, како ќе биде таа информиана и тн. И тука, и во таа сфера пледирам за едно нмогу поразумно и потолерантно однесување. Тогаш можеби и можеби што им пречи на едни или други полека ќе се надмине. Со фронтална битка и со сите наши новинарски куќи со телевизијата и тн. ништо не се добива, Тоа е една многу сложена област во која треба секој чекор добро да се обмисли.

Затоа, мислам дека сепак на крајот ни останувaат двата наши генерални заклучоци кои треба уште попрецизно да ги формулираме, но како ориентација не гледам други можности.

Прво, тоа што веќе направила Владата да продолжи, да заврши, да бидеме подготвени во секој момент. Најлесно е да се донесат папири, закони и слични работи. Тоа не е главното прашање. 70% од донесените закони во Хрватска се препишани сојузни закони од збор до збор, само фирмите се изменети, а од надвор се добива претстава за една огромна работа што ја направиле и незнам што сториле за да направат една нова држава. Нема да се измислуваат закони, ако постојат добри закони. Всушност во светот ги користат туѓите добри закони и искуства. Но има некои наши сврзани за нашата позиција и тн., кои мора да бидат подготвени и секогаш на располагање за да можеме да одлучиме тогаш кога ќе сметаме дека е потребно.

Друго, уште поактивно, уште поиницијативно треба да бидеме присутни и на домашната и на меѓународната сцена и да се бориме за мирно разрешување на оваа криза, против секоја репресија од било која страна, да ги презентираме нашите основни пораки од нашата стратегија, се повеќе и повеќе да наидуваат на разбирање.

И уште еднаш, се надевам не последен пат, се додека можам тоа ќе го повторувам, крајна толеранција во меѓунационалните односи, крајна спремност да разговараме постојано да имаме и да го сочуваме дијалогот меѓу нас и да го решаваме она што можеме да го решиме.

Од таа гледна точка првиот успех на овој Парламент ќе биде да го симнеме од дневен ред она прашање, кое толку не раздели и да ги видиме пратениците од ПДП да бидат присутни во овие клупм кога ќе расправаме за многу сериозни прашања. При

една сериозна анализа за што се работи сигурен сум, тоа можам во овој дом, дека сите би се убедиле дека таа работа можеше да се реши во една дебата од еден час, не повеќе не се работи ни за какви историски прашања за кои треба да ги кршиме копјата, се работи за едно практично решение за ова време. Другите прашања ќе дојдат на дневен ред со Уставот и со се она што не чека да изградиме едно наше развиено законодавство.

Ви благодарам.

(Во салата настана силен долготраен аплауз)

СТОЈАН АНДОВ:

Господинот Стевковски бара можност за некое појаснување.

ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:

Со целото почитување кон претседателот Киро Глигоров за неговото обраќање пред Парламентот, што говори за едно негово големо искуство и што, секако, е корисно и потребно во ова време.

Станав на говорницата не за реплика, мислам дека нема место за тоа, туку за објаснување во врска со Резолуцијата за прогласување на Република Македонија, за суверена самостојна држава што ја добивте.

Резолуцијата беше дадена како едно видување да го користат пратениците во расправата што денеска ја имавме, бидејќи отсуствува соодветен материјал.Мислам дека така се договоривме во договарањето за одржувањето на седницата.

Исто така, Резолуцијата имаше и една одредена цел, светот да почне да зборува за Македонија, дека Македонија не е глува во однос на она што се случува во Југославија. Оценуваме дека таа цел се оствари, а потврда на тоа е токму јавувањето на Европа до Парламентот на Македонија.

И, кога Резолуцијата, најнормално би била во функција да се остварува и ја усвои овој Парламент, нормално е дека ние би ја почитувале постапката предвидена за усвојување на вакви многу значајни судбински акти што произлегува не од името на актот, туку едноставно од содржината и тоа што треба да го разреши. Затоа и со давањето на Резолуцијата ние не баравме

ќе повторам, не баравме никакво нејзино усвојување. Баравме да се користи во расправата како еден материјал што ќе биде користен во расправата. Затоа поднесовме еден можен заклучок за завршување на расправата по актуелната политичка состојба во Републикава и, ќе повторам, ние бараме по тој заклучок што веќе на одреден начин е поддржан и од Социјал-демократскиот сојуз на Македонија тој да биде и завршницата од денешнава расправа.

Само во таа смисла се јавив и нагласувам дека не се јавив за реплика.

СТОЈАН АНДОВ:

Господинот Голубовски бара реплика.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Бидејќи она што мислев да го зборувам на некој начин беше искажано, а навистина се работи за реплика, сакам да дадам мал коментар на тоа што господинот претседател на Републиката се искажа, но бидејќи на некој начин и ова е искажување на една партија, ќе реплицирам на .документот, значи има основ што се јавив, документот што го даде Социјал-демократскиот сојуз и искажувањето на господин Стевковски што исто така е реплика.

Сакам да кажам дека овие два дена практнчно сите зборуваме за иста работа, мегутоа не беше дефиниран проблемот, поконкретно, а проблемот може да се сведе во една реченица дали автоматизмот што беше изграден во ставовите што беа усвоени овде во Парламентот, доколку некоја друга република или повеќе се раздружат од Југославија, ќе делува во Македонија или не,

Односно, требаше само да се разгледа дали тој автоматизам и тоа беше ова прва проба за него, има во својата методологија, да кажам, изградено препознавање и квалитетно што значи раздружување,

Збркотијата овие два дена дојде поради тоа што ние различно толкувавме декларативни изјави на Словенија и Хрватска за раздружување. Раздружувањето се најави, меѓутоа не постоеја навистина објективни елементи во овие процеси, без оглед колку тие драматично изгледаат дека навистина се работи за раздружување.

Дилемата беше дали Македонија е обврзана да реагира по тој автоматизам или не. Лкчно сметам дека не станува збор за раздружување на Словенија и Хрватска, од причина што, прво, тоа се еднострани акти, а друго и не постојат поконкретни елементи што го потенцираат тоа раздружување како еден чин и на отцепување.

Затоа и предлагам на Македонската влада, таму го лоцирам проблемит, да изготви една методологија во кој случај практично тој автоматизам не обврзува, а што го усвоивме, да помислиме дека некој се раздружил, дефакто да постои значи таа ситуација што ќе не обврзува и ние така да се однесуваме.

Репликата на господинот претседател на Републиката се однесува само на последниот дел на неговото излагање заради тоа што не се согласувам во еден говор кој исто така во еден инаку содржински дел беше конструктивен и сугестивен на мала врата да се протури еден став што сметам дека не требаше денеска да се изнесува во врска со меѓунационалните односи. Сега, да дојдам на оние реплики што се однесуваат на документите што беа предложени.

Сметам дека токму проблемот на политичките партии што ги фаворизираат своите иницијативи, само нив ги признаваат доведе до несогласувања во овие два дена, практично се работи за тоа што секоја партија оспорува љубоморно ако некоја

друга партија предложи нешто попрво. Заради тоа иако овој документ е одличен, што е предложен од Социјал-демократскиот сојуз сметам дека принципиелно не можам да го поддржам во делот на времето и начинот како е предложен. Заради тоа што треба тука денес да се договориме, ако веќе почнеме да ја осознаваме целата ситуација во правите димензии да произлезе колективен договор по колективно созреана свест за потреба од еден таков документ. И, да престанат секакви натпревари и надмудрувања во тоа кој на Македонија некои судбински документи ќе и предложи.

Тоа исто се однесува и за предлогот на господин Стевковски и затоа, на крајот, да завршам, предлагам да произлезе еден заеднички предлог од сите пратеници на Македонскиот парламент до Владата во смисла како што беше искажано и од ВМРО-ДПМНЕ и од Социјал-демократскиот сојуз .

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Ханџиски сака само една реченица.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Пратеничката група на Социјал-демократскиот сојуз на Македонија го поддржува предлогот Предлог-заклучоците да бидат од сите пратеници на Собранието на Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Бидејќи овде се пријавени 17 дискутанти а сигурно уште ќе се јавуваат ако продолжиме, предлагам, врз основа на расправата да се направат заклучоци. Да направиме пауза а за време на таа пауза да се направат заклучоците. Овде има предлог да се направи единствен заклучок за сите, а не една партија да се потпише.

Јас ги разбирам и тие работи и мислам дека може да се свати и прифати.

Тогаш ако се согласувате, службите, врз основа на расправата нека направат еден текст и нека го пуштата за време на паузата.

Дали може така? (Може)

Значи, после расправаме само за текстот на заклучоците. Тоа е едно.

Друго да заклучиме, излагашето на господин Стевковски ми ја олесни работата. Тој овде кажа дека Резолуцијата и не е предложена како акт кој треба да има постапка. Не е. Значи, Писмото што го добив од госпоѓа Димитрова. Да знам. Затоа што обратно, госпоѓата Димитрова ми пишува писмо да ја пуштам во постапката Резолуцијата. Значи, ова писмо дефинитивно се пволекува.

Благодарам.

Предлагам пауза

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,10 ч.)

СТОЈАН АНДОВ:

Продолжуваме со работа .

Се договоривме за време на поузата да се изготват заклучоците. Тие се поделени и мислам дека сите ги прочитавте.

Отворам расправа по Заклучоците.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Стојков.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Почитувани пратнеици, јас малку пошироко ќе се произнесам по Заклучоците.

Слушајки ги повеќето денешни дискусии не можам а да не помислам дека едноумието сеуште не е минато време.

Овде беа искажани толку демагошки мисли, беа направени манифестации со аплаузи, па си помислив дека се наоѓам на некој собир на поранешниот Народен фронт кога сите бевме обврзани да аплаудираме, а не дајбоже да можевме да мислиме со своја сопствена глава. Ке се најдевме на другата, т.н. издајничка страна. Но, времињата минаа. Се изрекоа тешки обвинувања кон некои пратеници без чие присуство би морале да признаеме дека овој повеќепартиски парламент би бил само една обична измама и ништо повеќе.

Лекции се делат само на малите деца, а јас најодговорно признавам дека не сум дете, туку човек кој мисли со своја сопствена глава.

Анализирајки ги понудените заклучоци, не можам а да не помислам дека двата дена што ги истрошивме во исцрпувачки дискусии беа залудни. Не допреа до ниту едни институции на власта во оваа Македонска држава. Светските средства за јавно информирање во своите презентации наголемо информираат за состојбите во бивша, втора Југославиза. Во нивните географски карти фигурираат Словенија Хрватска и остатокот што се нарекува Југославија.

Претседателот на Републиката и Владата, безброј пати во своите обраќања, од овде од оваа говорница, јасно искажаа дека Македонската држва нема да опстојува во еден таков остаток за тоа што тоа повеќе не е таква втора Југославија, тоа е нешто трето. Тоа е нешто што не и одговара на Македонија.

Затоа, и овие заклучоци за мене се неприфатливи, затоа што се премногу бледи, необврзувачки, без своја тежина.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Поповски.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.
Прво, морам да кажам и би сакал веднаш да реагирам на претходниот дискутант господинот Стојков, тој уште еднаш покажа и докажа дека ние сеуште не можеме да се научиме да расправаме на вистински парламентарен начин.

Имено, минатите денови, а и во претходните расправи на Парламентот, типични процедурални прашања беа заменувани со матреијални расправи, материјалните расправи ги заменувавме со процедурални прашања. Бараме реплика, па дискутираме, или пак дискусијата обратно, ја сведуваме на реплика.

Сега расправме за заклучоците, а отвораме нова расправа. Само толку за почеток.

Во врска со заклучоците би сакал да се осврнам само на заклучокот број 3. Имам впечаток дека овој Заклучок не е неопходен. Тоа е задача што е веќе дадена и нема потреба во сегашните заклучоци, после оваа дводневна расправа да внесуваме заклучок што, според мене, укажува на работа што требаше да биде готова и мислам дека таа работа е готова. Според тоа мислам дека го оптоваруваме текстот на заклучоците со еден непотребен заклучок.

Предлагам, точката 4 да се дополни - согласно членот 7 од Декларацијата за сувереност на Република Македонија.

Би предложил уште еден нов заклучок, мислам дека го слушнав во излагањето на претседателот на Владата, вчерашното излагање, заклучок во кој се бара да се воздржат политичките

партии, здруженија, граѓаните од било какви манифестации што би придонеле за влошуваше на актуелната политичко безбедносна состојба во наредниот период.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Пановски:

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Ако веќе мора да прифатам некои заклучоци, допрво ќе се одлучам за овие три заклучоци што ги понуди Социјалдемократскиот сојуз што мислам дека се многу поиздржани, поконкретни во однос на овие сега изготвени. Јас навистина незнам кој ги изготвил овие заклучоци сега.

Значи, мој предлог е да се прифатат заклучоците, кога веќе мора нешто да се прифати, од господата од Социјалдемократскиот сојуз. Уште еднаш ке повторам. Многу се подобри.

Би предложил ако може тука да се внесе уште една точка, а се однесува во врска со нашите војници и старешини, Македонци во служба на овие кризни подрачја во оваа, тн. Југославија. Незнам кој што подразбира под Југославија сега овде.

Би предложил тоа некако да се формулира и мој предлог би бил, доколку и еден војник Македонец или старешина нешто му се случи, да биде внесено во заклучоците, веднаш да се повлечат сите војници Македонци и старешини.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Крстески

НИКОЛА КРСТЕСКИ :

Во целост ги поддржувам заклучоците, со тоа сакам да потврдам дека налогот од пред паузата беше да се изнајдат

одреднеи заеднички решенија и јас сакам тоа да го истакнам дека точно тоа е изнајдено во овој текст што одговара и на фактичката ситуација, почнувајќи од Декларацијата за суверенитет и сите најнеопходни потреби и елементи што се содржани. Целта на излегувањето ни е да кажам дека може да се најде одредено заедничко решение. Овој текст одговара и на вистинската состојба и на наредните решенија што можат да уследат. Тука постои и некоја дата со која сме се врзале а исто така и наредните датуму, ние неможеме на секој час да му даваме налог како Парламент. Можеме само да ги даваме на одобрување. Во таа смисла сметам дека не треба никакво дополнување.

Посебно сум против забелешката на Љупчо Поповски на однесувањето на политичките партии, фактички, го признава суверенитетот, Посебно суверенитетот на Партиите. Партиите си имаат внатрешна организација, внатрешна самостојна програма, а со ова ќе им дадеме важност дека можат да извршуваат самостојно одредени државни работи што не е во согласност со сите дискусии тука.

Сметам дека овој текст е надоградување на постојните, досегашни акти и едно заедничко решение треба во целост да се прифати. Инаку, нагли изјави и посебни, ние може би некој да даде изјава дека сме веќе дел од некоја територија на некоја друга држава, не значи дека од тој ден стануваме фактички, па затоа сметам дека ова претставува чисто надградување, што логично во постојнава ситуација треба да се прифати.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Зимбаков.

ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:

Почитуван претседателе, почитувни пратеници,

Овие заклучоци за мене се прифатливи. Јас имам една техничка забелешка во заклучокот број 3 каде што вели: "Собранието за задолжува Владата што поитно да го реализира заклучокот од седницата на Собранието од 16 април 1991 година, според кој Владата да подготви материјал во кој ќе се согледаат материјално финансиските како и прашањата за остварувањето на слободите и правата на граѓаните и другите последици што ќе настанат", јас тука предлагам да стои "што би настанале при евентуално раздружување на Република Македонија од Југославија".

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Ке кажам една практична работа ако ставот втори од точка прва на заклучоците остане тогаш никогаш не може да се сотвари точакта 4. Ставот први во последниот ред се вели "со кои се загрозуваат интересите на другите народи и народности во земјата". Ако оваа одредба остане, па некој каже дека тие се загрозени во било кои случај, тогаш точката 4 за отцепување никога нема да дојде на дневен ред, ниту ке може да опстане. Понатаму исто ни се вметнува пак одредницата народност. Да се врзуваме *со* едне заклучок да уставната одредба пак ја врзуваме за народи и народности, пак навлегуваме во теорија на постоење и на непостоење на одредени општествени формации. Затоа предлагам точката втора од ова да остане само декларативна, да се залагаме за преговарња, без одредници понатаму.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Предлагам точка 5 од заклучоците што ги добивме да биде точка 3 во предлогот од Социјал-демократскиот сојуз нормално без називот Социјал-демократски. Тој да преставува тој документ што треба да го изгласаме. Се согласувам со г-дин Пановски бидејки немерливо е поквалитетен и суштински одговара на потребите за она што денес диискутираме. Сметам дека овој предлог што е изготвен во паузата сигурно заради заморот е толку слабо направен. Да се направи ова интервенција, т-е. точката 5 од заклучоците да биде точка 3.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Ова е од Владата точка 4 дословно пишува: "доколку и покрај сите напори по мирен и демократски пат не дојде до договор за конституирање на идната југослвоенкса заедница како сојуз на суверени држави, се задолжува Владата на Собранието да му ги достави сите правно-политички акти за осамостојување на Република Македонија". Тоа е кој знае кога.

Второ, од заклучоците на пратеничката група на Социјал-демократскиот сојуз на Македонија потпишан од Бранко Црвенковски трета точка: овие акти Собранието на република Македонија ке ги добие,разгледува и донесе оној момент кога ке оцени дека се исцрпени сите можнсоти за остварувањето на нашиот концепт за сојуз на суверени држави. Амин. Сега четврта точка и трета точка кога ке биде тоа? Немојте вака да си играме.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници ништо нема да кажам, туку само го поддржувам предлогот на г-динот Голубовски и на г-динот Пановски бидејки навистина заклучоците кои што ги достави Социјал демократскиот сојуз се многу поиздржани, отколку овие заклучоци кои се подготвени од стручната екипа на Собранието на Македонија.

БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:

Имам една забелешка по првата точка и последната реченица тоа е после "во Југославија" има запирка а потоа следи "со кои се загрозуваат интересите на другите народи и народности во земјата". Прво, ако некој се раздружува и ако има територијални претензии, тогаш ова може да стои, а ако нема, тогаш значи нема потреба сега.

Ако ние се раздружуваме со што ке му наштетиме на хрватскиот или словенечкиот народ во Србија, или во Хрватска, или во Словенија

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Сакам да кажам дека заклучокот кој што го дава пратеничката група на Социјал-демократскиот сојуз е во основа и инкорпориран текстот што јас го поднесов на вчерашната седница со таа разлика што се отстапува, бидејки јас побарав рок во кој што би се донел тој уставен закон за прогласување на самостојна и независна Република Македонија велиме согласно член 7 од Декларацијата за сувереност. Членот 7 од Декларацијата за сувереност говори дека доколку спогодбено и демократски не се разрешуваат мегусебните односи на суверените републики во СФРЈ, СРМ ке донесе уставен закон за тоа и тоа. Тоа значи дека точката 1 од заклучокот е апсолутно во согласност со ситуацијата која што веќе ние признаваме дека е наметната и дека веке се созреани условите да донесеме уставен закон , односно со други зборови да ја отвориме постапката за прогласување на Македонија како независна држава.

Вториот заклучок е соодветен во се со оној што го предложивме и тука немаме никаква забелешки и тука сме наполно усогласени со таа разлика што на барање на другите пратенкци ние се согласивме да се изготви текстот, но претпоставуваме дека тоа ке биде како основа токму овој текст. Секој заклучок за мене кој што не се повикува на уставен закон за прогласување на самостојна и суверена македонска држава, мислам дека не би требало да го прифатиме. Отутка во потполност ги поддржувам првите два заклучока, бидејки се заеднички, а прифакам да бидат заеднички за сите пратеници од другите политички партии со тоа што евентуелно

да се договориме во врска со точакта 3 од Закучокот затоа што сепак, треба да има некој рок, некое сознание до кога ке тече оваа постапка и до кога ке се донесе овој закон. За мене е основно да почне процесот на донесувањето на овие акти, а првиот акт ке повторам е токму тоа Уставниот закон за прогласување во една постапка која што е препишана за донесување на соодветни уставни прописи. Значи, за мене треба да отвориме расправа само за роковите во кои што треба да се донесуваат сите овие акти и ако е она во заклучокот што е понуден од Стручната служба се повикува на седницата од 14 април, каде што се кажа дека Владата е веке подготвена, ги има сите акти кои што го предвидуваат решението било за првата солуција, било за втората. Тоа го оценуваме само во однос на точката 3 од заклучокот, да го речам заедничкиот заклучок бидејки така и се договоривме. А инаку заклучокот од Стручанта служба за мене е некој шаблон и не ке одговори на функцијата, на потребите , на времето и на расправата која што ја водевме денеска.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Мислам дека има потреба и во уставно правна смисла да .расчистиме околу акандманот 74 на постојнкот устав кој ја утврдува постапката при изјаснувањето за осамостојување, односно отцепувањето од Југославија. Оттука мислам дека треба да правиме разлика помеѓу членот 7 од Декларацијата за сувереност на Македонија каде што препоставката е дека ако не дојде до договор ке дојде од тоа што го викаме раздружување, што меѓународно правно не е непостоечки поим, односно ке дојде до расчленување на постоечката држава на пвоеке држави. И тоа нас ни е веројатно по прифатлива опција во

крајна линија бидејки мегународниот правен статус на тој начин целосно го обезбедуваме. Дилемата останува ако ние бидеме принудени да поведеме постапка за отцепување од Југославија. Како таа во овие заклучоци да го изразиме, а воедно да биде на линија и на она што е основен државен документ, односно устав.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Сега имаме фактички повеке проблеми. Еден главен проблем е дали може ова Стручните служби што го направиле да биде основа за донесување на заклучок, или ова што го потпиша Бранко Црвенковски? Се прифака од пеодини пратеници и едниот текст и другиот текст со дополнувања и со изменувања. Сакам да кажам дека во овој што го работеа Стручните служби на одреден начин е вградено ова што е потпишано од Бранко Црвенковски, но изгледа за некои пратеници тоа не е доволно. Затоа, да се одлучиме прво, кој текст на заклучоци ќе биде основа за работење.

ЈОРДАН БОШКГВ:

Јас имав една мала моја дискусија, но ете заклучивме да одиме само амандмански на заклучоците и воедно сметам лека предложениве заклучоци, мислам на овие кои се вкупен број 6 не се одраз ниту на сваќањата, ниту на ставовите што прострујуваат тука. Сакам да потсетам во предложените заклучоци за пратеничката група на Социјал-демократскиот сојуз инаку потпишано е од Бранко Црвенковски стои дека ова е во имена групата. И третата работа Заклучокот поднесен од пратеникот Томислав Стефковски кој воглавно се поклопува со предложените заклучоци од пратеничката група

на Социјал-демократскиот сојуз. Јас мислам дека работите се и математички и логички веке сосема јасни. Имаме ситуација да големо мнозинство посебно што поголемиот дел од пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ стои зад предлозите од пратеникот Томислав Стефковски дека ние можеме да се согласиме за овие заклучоци кои ги има поднесено Парламентарната група на Социјал-демократскиот сојуз. Инаку ке ми дозволите господа од СДСМ за мене ке остане загонетно како може да се предлага пред час, два еден став, а потоа, после час два да се оди на содржински поинакви гледишта.

ДРАГИ АРСОВ:

Јас се извинувам што со мало задоцнување се јавив за заклучоците, но морам да кажам дека тие не го одразуваат вистинското залагање овде што беше изнесено и не соодвествуваат на дискусијата овде што ја слушавме во овие два дена. Особено во вториот став од првиот заклучок сметам да останат само првите два реда Собранието останува на својот став разрешувањето на југословенскта криза да се оствари на мирен и демократски начин, а третиот, четвр-тиот, петтиот и шестиот ред да се бришат, затоа што овде ние не чувме изричит став дека Собранието е против едностраните акти за отцепувањето. Па, ние овде стопати рековме дека тоа е легитимно право на тие републики да си донесуваат свои акти. Ако таков став сега заземеме навистина ние и самите ке си го одземеме тоа право утре да донесуваме свои легитимни акти, па било тоа да се однесува за самостојнот и за независност, било тоа да се однесува за неиои други акти кои што имаат уставно-правен карактер. Заота сметам дека

овие три реда треба да ги избришеме, а само другите два да останат Исто така, не прифатливо е за мене затоа што сметам дека не одговара на дискусијата овде што беше, првиот став од втората точка дека Собранието и натаму инсистира да продолжат тие разговори затоа што настана нова ситуација во Југославија. Ние тоа мораме сакале, или не да го сфатиме и не можат тие разговори веке така на тие основи да продолжат , затоа што и фактичката и правната положба на Југославија веке  е изменета. Затоа сметам дека таквите разговори како што досега се водеа тие не можат да продолжат врз тие принципи и врз таквата основа. Затоа сметам дека првиот став од точката 2 да отпадне, а да продолжи точката 2 со вториот став каде што стои дека "Собранието смета дека е неопходно и итно да се конституира Претседателството на СФРЈ итн".

Третата точка сметам дека исто така треба да се преформулира и тоа да останат првите три реда, но последниот ред да продолжи вака "од 16 април", значи Собранието ја задолжува Владата итн.од седницата на Собранието од 16 април според кој Владата треба да ги подготви државно-правните одлуки за самостојност и независност на Република Македонија и да се согледа материјалко финансиската итн., како што завршува. А четвртата да се измени со следните дополнувања дека доколку по мирен и демократски пат дојде до договор за конституирање на идната заедница како сојуз на суверени држави, се задолжува Владата на Собранието сите правно политички акти за осамостојување на Република Македонија да ги подготви во варијантата што одговараат на тој сојуз. Заота што ние ако имаме подготвени државно-правни акти кои што одговараат за самостојни, или суверена, многу полесно може да се направи онаа варијанта која што ке одговара за сојуз на суверени држави.

ФАИК АБДИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, мислам дека мораме да имаме една чиста сметка пред себеси овде. Ние расправаме два дена. Заправо ако можевме ние да разбереме овде за што се расправаме, една страна по што пототврдеше дека треба да се донесе актот на отцепување од Југославија, една огромна друга страна застана на спротивно становиште и мислам дека овој предлог што ни е предложен, Предлог-заклучоците мора да произлезе од она за што зборуваше господинот претседател на Републиката Киро Глигоров. Ние овде сите се сложивме за таа работа, му аплаудиравме и групата ВМРО ДПМНЕ го повлече актот и немојте сега како основа за овие заклучоци да ни послужат дискуситие, предлозите и не знам што уште. Мислам дека јасно ни е овде што е. И заради тоа сметам дека ова што е предложенио само со една измена, пратеникот Зимбаков што предложи, беше една мала измена таа да се прифати. Не би требало пак да мешаме некои работи за што два дена сме се расправале, пак гледаме сега на мала врата некако да влеземе во овие заклучоци. Што се однесува до прашањето, мала критика на господинот претседател, зошто зборува за народнсотите, а и овде во материјалот што ни е понуден за нанесување на штета на други републики итн. Ако не можеме во овој момент тоа да го разбереме, мислам дека овде се присутни доста стручњаци кои што сигурно знаат дека една фабрика за основање на основни организации прави делбен биланс, односно почетен биланс на средствата и извори на средствата. Една Југославија со 6 републики и 2 покраини има меѓусебни побарувања и обврски има зошто се обединува, со што се обедилува како почетен биланс.

па завршен биланс, па што од тоа, кој на кого што му припаѓа. Не може ниедна република тоа така лесно да го прави. И заради тоа се нанесува штета на една, или друга република. Најповеке во прашање се економските односи. Бидејки на некој начин му дадовме една голема доверба на претседателот на Републикатат неговото зборување и неговите забелешки треба да бидат основа за овој акт, а јас мислам дека е тоа, тоа.

САНДЕ ДАВЧЕВ:

Почитувани пратеници, јас мислам дека се договоривме пред 1 саат двата заклучоци да се тргнат и да стручната служба изготви еден заклучок за кој ќе дискутираме. Бидејќи има заклуок, јас само единствено го прифаќам тоа што беше поднесено од Зимбаков и мислам да не водиме повеќе расправа туку да гласаме за овој заклучок,ако не го усвоиме дури тогаш.

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Дами и госпoда, јас на овие заклучоци морам да кажам дека им приоѓам единствено како на една добра можност да се прекине оваа дводневна непријатна дискусија, очигледно таа покажа дека неможе да се дојде до еден конечен резултат барем во овој период и значи само им приоѓаме од тој аспект дека еве тоа се некаква финална фаза на онаа непријатност која досега постоеше овде.

Инаку, се сложувам со некои дискутанти кои рекоа дека точката 3 овде воопшто е непотребна, а таа гласи "Собранието ја задолжува Владата што поитно да го реализира заклучокот од седницата на Собранието од 16 април " и продолжува натаму во што јас сметам дека ние два пати веќе ја обврзавме Владата и негледам причина зошто по трет пат би ја обврзувале Владата за истата работа.

Она што посебно ме интересираше мене тоа е моментот односно што сметав дека требаше да влезе во овие заклучоци тоа е моментот кога она што ние овде го предвидуваме ќе стапи во сила во Македонија. Па сигурно дека како некакво решение се дава овде точката 4 која гласи "доколку и покрај сите напори по мирен и демократски пат не дојде до договор за конституирање на идната Југословенска заедница во сојуз на суверени држави се задолжува Владата на Собранието да му ги достави сите правно-политички акти

за осамостојување на Република Македнија. " Значи, осамостојувањето на Македонија според овие заклучоци би дошло според точка 4. За мене за жал оваа точка е недоволно конкретизирана. Односно таа е одлична точка кога ќе се собереме после 15 дена пак истата дискусија да ја продолжиме како што денеска ја дискутиравме односно едни да тврдиме едно, други да тврдиме друго. Од што произлегува тоа. Произлегува од самата недефинираност и од нејасноста. На пример да појдеме од почетокот "до колку и покрај сите напори по мирен и демократски пат не дојде до договор за конституирање"и понатаму ние можеме оваа позиција по став од точка 4 да ја гледаме веднаш ние можеме и веднаш да констатираме дека денеска во Југославија не се води мирен и демократски пат на разрешување на проблемите туку имаме напротив решавање на проблемите од позиција на сила, од позиција на вооружани судири и од позиција на човечки жртви. Значи, ако одиме на таа точка 4 уште денеска можеме да пристапиме кон осамостојувањето.

Она што сакам да го повторам е тоа дека имаме потполна нејасна позиција кога ќе дојде до тоа осамостојување на Македонија. После што, што треба да се случи, за да пристапиме кон тоа осамостојување. Јас несакам да предлагам никакви предлози, меѓутоа, сметам дека после овие два дена на дискусија минимум што требаше да биде во нашите заклучоци, а тоа е она комплетното, после што, после кој момент Македонија ќе настапи со тоа осамостојување•

ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас ја разбирам загриженоста на сите пратеници што се присутни денеска во овој Парламент со оглед дека навистина е тешка политичко-безбедносната состојба во Југославија, а со тоа и загрозеноста на Македонија. И нормално е сите ние со едно такво оптоварување да имаме

различен начин, приод како да се разреши оваа состојба односно како ние да дадеме, да понудиме решенија кои што позитивно би влијаеле во разрешувањето на оваа криза. Меѓутоа, вака разгледувајќи ги овие заклучоци јас мислам дека заклучоците се комплетни, јас содржат нашата цел и имаат интерес оваа република во моментов да ви донесе.

Прво, овие заклучоци прво и основно ги афирмираат и валоризираат демократскиот начин на разрешувањето на кризата што за мене денеска е многу битно од причини што вие знаете два се фактори кои што моментално влијаат во оваа криза да не се оди на принцип на раздружување кој што би ја отежнал ситуацијата и надворешниот и внатрешниот, доста беа елаборирани во ова Собрание и затоа нема потреба да ги елаборирам повово.

Второ, останува во сила Платформата на која утре ќе се заснива нашиот систем. Тоа е многу битно прашање што го разработуваат овие заклучоци.

На прашањето на потпретседателот што мислам дека треба да му се даде и одговор за мене лично е вака: во овие заклучоци е изработено варијанта во која да дојде случај до едни трајни решенија во кој што е загрозен интересот на Македонија има решенија во заклучоците како да се интервенира. Македонија. ќе се определи за тој сат тогаш кога ќе видиме дека решенијата што ќе бидат во Хрватска и Словенија со признавање на крајно право на суверенитет што ќе биде сигурно подолг процес , сигурно ако тие трајно се раздружуваат и останат последици по нашите интереси и нашиот суверенитет сигурно дека и ние ќе мораме тогаш да ги преземеме тие активности а мислам дека овие заклучоци даваат право и имаат местое кај што може Македонија да се подготвува доволно.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ:

Почитуван претседателе почитувани пратеници, со емпирија народот има запишано многу мудрости, една од тие која во овој момент е актуална е следната, на народот со сила може да му се одземе се, но народот со сила неможе да му се даде ништо. Оттука и произлегува прашањето дали ние денеска како Парламент не си земаме за право да му наметнеме на народот едно крајно значајно решение односно одлука која е од судбинско значење, а за која ние го немаме неговото мислење. Затоа мислам во заклучоците треба да биде вградено и мислењето на граѓаните на Македонија.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Да појаснам по втор пат што ми беше интенцијата кога предлагав да се бришат од редиците народ, народности и друго. Видете, во член 2 ќе преговараме со Сојуз на држави , неможе да стане збор за договор меѓународни , ние ќе правиме договор помеѓу држави и тогаш само интересите на држави можат да бидат предмет на договор. Затоа предлагам да се оди на преговарање помеѓу држави, а не помеѓу народи и народности.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Веќе се исцрпуваме и ни настанала блокада на мислата, работите се сведуваат кон едно што сите нас на свој начин не мачи. По се изгледа дека е јасна дискусијата и овие сугестии и во таа интима на размислување природно се доближија пратеничките групи, кои во многу нешто се конфронтираат и со една природна интиуција што е за поздравување се доближија. Не мачи кога е тој суден час. И таа точка 4 ништо не смета, тоа е едно видување од нашата дискусија, неможе да биде идеално , но важно е да му дадеме димензии на еден реалитет. "До колку и покрај сите напори по мирен и

демократски пат не дојде до договор за конституирање на идна Југословенска заедница како сојуз на суверени држави", тоа е наша определба по платформата која ние ја прифативме во ова Собрание. Таа определба значи кога ќе се исцрпат механизмите на договарање кога не ќе постои веќе шанса на договор, а тоа значи системот пропаѓа, се повлекуваат, не сакаат да функционира механизмот на Југославија, видете како продолжува реченицата" се задолжува Владата на Собранието да му ги достави сите правно-политички акти " , не да работи и да го прави ова, а знаете ли што е тоа, тоа е што ви го прочитав под точката 2 што вие се мачите и само дискутирате. Владата на Македонија ги има подготвено сите нужни акти за осамостојување на Република Македонија. До колку и покрај сите наши усилби не дојде до договор за нов сојуз на суверени југословенски држави во тој случај Владата на Македонија ќе биде спремна да му ги предложи на Парламентот тие политички и правни акти за осамостојување на Република Македонија, а на вас почитувани пратеници е да оцените и да ги прифатите. Што сакаме што се измачуваме .

Од Социјал демократскиот сојуз се предлага до 27.VI. 1991 година да се донесат, јас мислам дека ме разбравте кога ја поднесував информацитата. Она за што вие се измачувате драги пратеници е готово од Владата. Прашање е да се исцрпат уште можностите, да не создадеме уште претпоставки да улетаме во стапица, да не ја изгубиме и оваа држава денес што ја имаме и да ни дојдат грозните сили и другчие да не опаметат. Оваа наша определба да се настојува по мирен пат да дојдеме до сојуз насуверени држави тоа е наша трајна определба и тоа треба да се свати, инаку се е готово и ве молам немојте сите сега да се исврпуваме. Немојте да гледаме во хартијата, важно е да го искажува духот на она што ние интимно го разбираме

а вие природно интимно се разбравте. Ве молам, дајте да се ослободиме, изгласајте го ова, а Владата подготвила се и не ни треба ништо повеќе, таа во своите раце ги држи тие документи. Ние дојдовме до сознание да нашата определба е, а тоа го избравме како платформа, врз база на настојувањата на претседателот Глигоров и Издебеговиќ да се обидеме по мирен пат да дојдеме до Сојуз на суверени држави .

Сцената грозна е пред нас. Секој сат добиваме информации Вие добивте информација и тоа дека нашиот претседател на Републиката и членот на претседателството сојузно испратија до сите членови на претседателството и до претседателите на Републиките писмо да се состанат за таа конечна разврска да биде по мирен пат. Немојте да ги силуваме некои работи. Механизмите се во тоа да дојдеме до афирмативниот чин наместо грозните тенкови и оружје да победи разумот на сојуз на суверени држави во Југославија. Опачината на другото знаете што не чека. Па според тоа дајте да ја ставиме целата наша склоност кон таа платформа која сме ја изгласале, а инаку Владата веќе ја расчисти целата концепција и за опцијата суверени држави и за опцијата на самостојна суверена Македонија.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Јас сум длабоко убеден дека претседателот направи лапсус заради тоа што рече дека социјал демократскиот сојуз на Македонија предлага актите да се донесат до 27 и тоа сосема лошо би звучило заради јавниот пренос и молам да се свати дека станува збор за лапсус Ние предлагаме ако се носат такви документи, да се добијат, донесуваат, разгледуваат тогаш кога Парламентот ќе оцени дека се исцрпени сите можности за остварување на нашиот концепт за Сојуз на суверени држави.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Предлагам 2 амандмана на заклучвците, во согласност со расправата водена тука, бидејќи станува збор за суверени држави републиките како суверени држави мислам дека ќе биде поприкладно во точка 1 став 2 освен зборот "другите" место "народи и народности во земјата" да се стави зборот "другите републики".

А во точка 2 став 1 последните зборови "на Македонскиот народ и на сите народи и народности што живеат во Југославија" да се заменат со зборовите "и на Република Макемонија" заради тоа што договорот за создавање на сојуз на суверени држави е прашање на договарање на републиките како суверени држави, а не на народите и народностите што живеат во Југославија. Интересите на народите и народностите се изразени преку републиките во органите на власта.

Лично сметам, надвор од овие заклучоци да предложиме во рамките на интензивната активност која што треба да ја води и овој наш Парламент во меѓусебните консултации за подготвување еден таков договор за пристапување кон Југословенската заедница би предложил бидејќи веќе имаме таква платформа доколку претседателот на Републиката е во можност заедно со поддршката која што ја добивме и од европската заедница и дадената помош Односно укажување за давање помош за техничка соработка и во меѓусебни консултации со претседателите на републиките и Сојузниот извршен совет веднаш да се отпочне со изготвување на договорот за пристапување кон југословенската заедница како сојуз на суверени држави, кој сметам дека би требало да биде доставен до сите Републики со кој почнаа да пристапуваат истите. Истовремено предлагам еден работен заклучок како мисија на добра воља од нашиот парламент да испратиме парламентарни групи до парламентите на сите Републики во Југославија со кој ќе

ги образложиме нашите ставови и ќе размениме мислења за остварување на договорот за создавање на Сојуз на Југословенски суверени држави. Инаку амандманите се тие два што ги кажав.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Во точката 4 "Доколку и покрај сите напори по мирен и демократски пат не дојде до договор за конституирање на идната југословенска заедница како сојуз на суверени држави". Вака стојат работите. Моменталната состојба е оваа, Хрватска и Словенија не се само тие суверени, но тие се и самостојни независни држави. Србија исто така е самостојна држава. Црна Гора исто така и таа е самостојна. Имала исто така и таа држава, имала крал, се имала. Таа не е само суверена. Ќе изгласа суверенитет. Ние не можеме да се здружиме со нив, зашто ние сме само суверени, што треба прво оваа фаза да ја пројдеме на самостојност и независност, па дури тогаш можеме да се здружиме со нив,

ЗАФИРОВ ЈОРДАН:

Предлагам овие заклучоци што се дадени од Социјал демократскиот сојуз, бидејќи првите два члена се исполнети, третиот член да гласи: "Овие акти Собранието веднаш ги донесува, а стапуваат во важност кога за тоа ќе одлучи Собранието".

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Бошков.

ЈОРДАН БОШКОВ:

Јас му благодарам на господин Давчев, мислам дека бевте вие што ме потсетивте дека сме се согласиле пред прекинот да одиме на сосема нови текстови и дека: предлозите претходни биле повлечени. Јас тоа дејствие така не го разбрав во тие мигови, и би сакал децидно изјаснување за тоа дали и Социјалдемократскиот

сојуз го повлекува својот предлог. Инаку, во однос на овој предлог тука сметам дека поголем број пратеници дадоа фини забелешки, пред се, мислам на заклучокот број 1, став 2 исто така заклучок број 2 вториот дел од став 1 и став 3, што е можеби непотребен. Сакам да ја поддржам идејата на господин Тодор Петров за мисија на добра волја од овој Парламент до парламентите на СФРЈ, но воедно јас би сакал ова Собрание да формира свои пратенички групи и тие да се обидат барем да ги посетат и парламентите на Балканот односно на другите балкански држави.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Предлогот да се прифатат овие заклучоци морам дополнително да го образложувам, целта тука е заедничките елементи од претходните дискусии да се вградат, а јас сметам дека се вградени. Ова го велам за да не се враќаме повторно на иста ситуација.

Второ, можам да нагласам некои околности, ние не ја земаме постојната ситуација во Македонија, постојано покажуваме со прст во некоја ситуација, друга мислам случајот со Словенија, Хрватска, Сметам, фактичката ситуација во Македонија е многу подобра и поповолна.

Друга цел ни е на постојните документи досега е во сојуз на суверени држави, а не нужна ситуација, самостојна Македонија. Сега ние ако одиме и датумот да го утврдуваме, тогаш сами треба да се воведеме во една нужна ситуација, за да се прогласиме самостојна суверена држава или да ја предизвикаме ситуацијата. Едно, во правниот систем ние во секоја ситуација, во секое време доколку сме способни, оспособени и моќни, ние можеме и во мирни ситуации, не во оваа ситуација мислам во разни, што има одредена отежната ситуација во Југославија, ние независно од

тоа можеме да си прогласиме било кои акти. Немораме да ја користиме оваа ситуација во овој момент. Сметам тука, затоа заедничките елементи што овој заклучок ги дава и смета од ситуација во ситуација самата нужда ќе донесе одредени разрешувања.

Инаку, сметам дека треба да дадеме предност на сегашнава ситуација во Македонија која сеуште овозможува мирни и корисни квалитетни решенија.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали сега можеме да завршуваме.

Ако може прво, да утврдиме по кој текст ќе работиме.
Предлагам, бидејќи ова е последен текст што го добивме од стручната група и прв оди на изјаснување.

Кој е за овој текст да биде основан од стручната група, да крене рака.

Кој е за? (48 пратеници гласаа за овој текст).

ДРАГИ АРСОВ:

За тој текст ке гласаше групата на ВМРО и мислам дека неприфатлив е воопшто ние да го поставуваме и да го усвојуваме.

СТОЈАН АНДОВ:

Не, не, ние гласаме во Парламент, не гласаме овде по групи. Гласаме по деловник, се гласа кој пратеник за кој текст гласа. И ништо натаму. Инаку ако треба по групи да гласаме, тоа е друга работа. Тоа нигде го нема нити е во Деловник, нити стои тоа. Молам, констатирам, да видиме кој е против тој текст?

Против гласаа 31 глас.

Да му дадеме збор на господин Арсов.

ДРАГИ АРСОВ:

Предлагам или да се одложи прифаќањето на овие заклучоци, затоа што ние дадовме толку многу забелешки кои без да се вградат текстот е неприфатлив и ако и натаму се манипулира и се инсистира тој да биде прифатен ние ја напуштаме седницата.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, само да објасниме, овде гласаме по кој текст да работиме, а потоа секој амандман посебно ќе биде овде даден на изјаснување. Дали сега разбравте во што е работата. Тоа овде така се работи, неможе на друг начин.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Овде не се работи за кој текст ќе се изјаснуваме или како ќе се изјаснуваме. Овде доаѓа до една траги-комична ситуација. Партијата на СДС предлага заклучоци, ние како партија ги прифаќаме тие заклучоци и сега наеднаш заради тоа што ние ги прифаќаме тие заклучоци, тие се повлекуваат, мислам дека е ова траги-комично.

Во знак на протест, ја напуштам седницата.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам уште еднаш да објасниме. Прво, имаше расправа и на крајот на расправата се договоривме и имаше две верзии на заклучоци до тогаш, од господин Стефковски и од Господин Бранко Црвенковски во име на групата. На крајот на расправата, бидејќи

расправата после доставувањето на тие текстови течеше уште, се договоривме стручна група по предлог на господин Голубовски да подготви нов текст, да не биде овде од поедина партиска пратеничка група текстот. Тоа сите вие го прифативте и се направи текст овде. Сега работиме и се објаснуваме по тоа, бидејќи некои што учествуваа во расправата сега по заклучоците го реафирмираа текстот на Бранко Црвенковски затоа и јас поставувам прашање по кој текст ќе одиме понатаму. Меѓутоа, бидејќи се изјаснивте 48 пратеници гласаа да биде основа овој текст од стручната служба, сега ќе одиме став по став. Секој. амандман кој е даден, ќе го даваме на изјаснување. Ниеден амандман нема да биде запоставен.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Да направиме една мала пауза за да се вратат пратениците зашто инаку вака ако работиме ќе останеме само со Владата.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас се сложувам со тој предлог, меѓутоа нема друг начин како ќе дојдеме до друг текст. Тоа е деловничкиот пат.

Предлагам пауза од 15 минути.

(По паузата)

Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Поделен е текст кој е подготвен во соработка на повеќе пратенички групи. На паузата беа на разговор кај мене една група од пет пратеници од групата на ВМРО-ДПМНЕ. Тие изразија незадоволство и неспремност да расправаат и да го усвојуваат текстот на заклучоците што за време на претходната пауза беше подготвен овде. Замолима и понудија од нив група и група од

Социјал демократскиот сојуз и евентуално од другите пратенички групи да подготви текст на заклучоци. Јас, се разбира, се согласив, таква соработка се воспостави и се подготви таков текст и затоа толку долго траеше паузата. Овој текст треба да го објасни господинот Ханџиски, каква постапка беше и како дошло до него. Го молам господинот Ханџиски да објасни.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Тешко се објаснуваат необјаснети работи. После двочасовно усогласување на двата текста на заклучоците кои што беа понудени едниот заклучок поддржувана иницијатива на пратеничка група од ВМРО-ДПМНЕ со модификации дадени од пратеничката група на Социјал-демократскиот сојуз на Македонија. Вториот заклучок изработен од стручната служба на Собранието врз база на целокупната наша дводневна расправа. Врз база на тие два заклучоци после двочасовно договарање со почитување на разбирањето и трпението на сите претставници кои што учествуваа во договарањето успеавме да се договориме околу сите елементи на понудените заклучоци кои што ви се поделени.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам да го прочитате текстот господине Ханџиски.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

(го чита предлогот на заклучоците)

XI/7

П Р Е Д Л О Г

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 26 и 27 јуни 1991 година, расправаше за актуелната политичко-безбедносна состојба во земјата и Републиката и ги донесе следните

ЗАКЛУЧОЦИ

1. Собранието констатира дека политичко-безбедносната состојба во земјата и Републиката по настаните во Република Хрватска и Република Словенија, е крајно заострена и се заканува со опасност од натамошно ескалирање на меѓунационалните и меѓурепубличките судири кои земјата ја доведуваат до работ на граѓанска војна, поради што останува на својот став, разрешувањето на југословенската криза да се оствари на мирен и демократски начин. Затоа Собранието е против еднострани акти донесени надвор од договорот со другите републики во Југославија.

2. Собранието и натаму инсистира, без одлагање, да продолжат разговорите со сите други републики врз Платформата на претседателите Глигоров-Изетбеговиќ за конституирање на идната југословенска заедница како Сојуз на суверени држави, што е од непосреден и исклучителен интерес на Републиката и на другите републики во Југославија.

За таа цел Собранието смета дека е неопходно, итно, да се конституира Претседателството на СФРЈ согласно уставните одредби и редоследот за избор на претседател и потпретседател утврден со Деловникот на Претседателството на СФРЈ.

3. Доколку по мирен и демократски пат не дојде до договор за конституирање на идната југословенска заедница како Сојуз на суверени држави, за што оценка ќе донесе Собранието на Република Македонија, се задолжува Владата, на Собранието, да му достави Уставен закон и сите други акти со кои ќе ги утврди сите прашања од уставно-правен карактер со кои Република Македонија,како самостојна и независна држава ќе го преземе извршувањето на своите суверени права.

СТОЈА АНДОВ:

Пред извесно време овде не известија од страна на претставници на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ дека јас колку што сватив тие утре би сакале да продолжиме со расправата и со обидот да донесем заклучоци, а во овој момент тие се повлекоа натаму да разговараат и да се усогласуваат веројатно околу овој текст. Иако господинот Ханџиски ми рече дека овој текст е со нив, нивните претставници претходно го усогласиле.

Поставувам прашање дали ние можеме утре да продолжиме (пратениците едногласно се против)

Молам, ние не можеме никакви одлуки да донесуваме. Сега да видиме колку сме присутни тука и нека се избројат точно колку се. После броењето се утврди дека во салата се присутни 51 пратеник.

Според тоа, јас не можам да го дадам текстот на заклучоците на усвојување, затоа што Собранието може воопшто да гласа само ако има најмалку 61 пратеник овде. Оттаму, Собранието вечерва не е во состојба да го усвои овој текст на заклучоци и друг текст на заклучоци или изменет овој текст на заклучоците. Се разбира, мене ми е многу жал, меѓутоа, ние имавме една плодна расправа, многу обемна, аргументирана низ која беше очигледно во што е суштинскиот и определба на овој Парламент и мислам дека на македонската јавност преку средствата за информирање и на поширока јавност и е јасно кое е основното расположение во Парламентот. Секој може јасни заклучоци за себе да изнесе врз основа на расправата која беше овде. Доколку од овие пратенички групи нема готовност и расположение утре да ја продолжиме расправата јас уште еднаш ве прашувам за тоа. (нема расположение).

Така ми беше речено и пред ова продолжение, тогаш јас ве молам да ме овластите да стапувам во контакт со координаторите на пратеничките групи следните денови и заедно со Владата доколку имаме важни материјали и важни проблеми за одлучување да ја оценам ситуацијата, да се уверам дека ќе имаме кворум и да закажам нова седница во ова наше перманентно заседание.

Дали се сложувате со тоа? (се сложуваат)

Господинот Ханџиски сакаше да прочита еден текст.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Господинот претседателот ме потсетува на мојот предлог од претпладневната сесија на седницата кога се бараше јавно да се прочита дописот на здружението на новинарите. Меѓутоа, за тоа е потребна согласност на сите пратеници.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи, не треба да се чита, бидејќи немаме кворум.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Сметам дека доста несериозно за македонската јавност ќе биде ако седницата ја завршиме без донесување на било какви заклучоци и без кворум за работа.   Бараме договор за основање сојуз на суверени држави со другите републики како суверени држав во Југославија, а не можеме внатре во самата Република да се договориме меѓу себе. Сметам заради тоа да не се предизвикуваат дополнителни трошоци за свикување на седница утре или во било кој ден само за донесување на овие заклучоци сметам дека е потребно да се направат напори вечерва во интерес и на Републиката да се контактира со пратеничката група до колку врши некое меѓусебно усогласување по овие предлог-заклучоци кои се доставени и во текот на ноќва ние тие заклучоци да ги донесеме.

СТОЈАН АНДОВ:

Ние од нив сме информирани дека тие бараат утре да биде продолжувањето на седницата а не вечерва. Ако сте готови да чекате можеби ќе се премислат да поразговараме. Ако може уште еднаш сега да ги прашаме, а вие останете на местата и господин Тито Петковски ќе појде горе кај нив и јас ќе седам овде за да се направи уште еден обид да се повикаат. (пауза)

Да не се растураме, за да не ве собираме и вас потоа.

Дознаваме дека нема можност вчерва да се продолжи со седницата, па еве јас во рамките на моите надлежности ќе одржувам контакт со парламентарните групи, па кога ќе се создаде можност тогаш ќе ја продолжиме седницата.

Дали има спремност утре да продолжиме со седницата.
(Не)

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ тврдат дека причина зошто ја напуштаат седницата е заради тоа што им е изменет текстот што веќе го имаат усогласено и кога бил даден на умножување додавани се работи без знаење на таа група.

СТОЈАН АНДОВ:

Тогаш нека кажат дали е изменет текстот или не.

Еве господин Стојановски да каже во што е работата.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Незгодно е, само јас останав овде во салата од групата на ВМРО-ДПМНЕ, не знаев во што е работа. Меѓутоа кога го земав текстот што беше и мое противење, прво да постои коализија во самиот текст, што еден друг се ништат, доаѓа, јас како што

го прочитав текстот  и еве во што е реакцијата на групата на ВМРО-ДПМНЕ.  Еве ќе ја читам точката. Вели: "затоа Собранието е против еднострани акти донесени надвор од договорот со другите републики во Југославија". Овој текст е додаден што е во колизија со одредбата на точка 3 каде говори: "до колку по мирен и демократски пат не се постигне договор ќе се донесе одлука','за тоа и тоа. Видете што е работата. Ако вака остане кој му дава на Собранието право да одлучува поинаку кога основната наша задача е да е спротивно на таква одлука. Поради тоа ние се договараме за еден текст а после во печатењето доаѓа друг. Затоа е тој наш протест и на наредната седница  до која ќе дојде ќе донесеме текст со кој ќе сакаме да се согласиме.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали сакате да го исслушаме и господинот Ханџиски.

Морам да изјавам дека текстот мие мене овде на седница даден. Јас не знам кој го подготвувал, тоа го објасни само господин Ханџиски, тоа е подготвен текст само во соработка на двете пратенички групи и размена на мислеша со другите пратенички групи.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Во раката го држам текстот кој што е корегиран со раката на господин Томислав Стефковски.  Видливо е дека во вториот пасус е прецртан зборот "за отцепување" и е договорено првиот и вториот пасус да се спојат на следниов начин.

Првиот пасуд завршува со зборовите "до работ на граѓанска војна, поради што останува на својот став разрешувањето на југословенската криза да се оствари иа мирен и демократски начин". Чукајќи го текстот видовме дека стои уште еден текст долу кој вели:

“поради што Собранието е против едноставни акти итн.“ За да не се јави два пати зборот “поради“ текстот гласи вака: “поради што останува на својот став разрешувањето на југословенската криза да се оствари на мирен и демократски начин“ сега да не дојде повторно зборот “поради што Собранието е против“ ставена е точка па стои “затоа Собранието е против еднострани акти донесени надвор од договорот“.Тоа е изменета што им смета на господата од ВМРО. Ако барате рачка ќе најдете влакно и во јајца, ако нема желба за договор и многу тешко и понатаму во вакви услови и со ваква недоверба покрај сите напори што се направени оваа вечер, пратениците на македонското собрание конечно пред македонската јавност чии очи се дванаесет сати свртени кон ова собрание да излезат со заеднички став јасно е дека тешко ке можем да се договараме.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Основно е признание дека текстот е преиначен.

СТОЈАН АНДОВ:

Целиот текст е според тоа усогласен, само има еден дел од една реченица за која господинот Стојановски тврди дека е преиначена, па господин Ханџиски вели дека не е. Поради тоа ги молам пратениците на ВМРО да дојдат во салата и во дебата што овде ќе ја водиме да можеме таа несогласеност да ја отстраниме. Тоа не е проблем заради кој се напушта седница и се избегнува да се донесат заклучоци, ако е само во тоа спорот. Мој предлог ќе биде целиот тој предлог да биде. Ве молам повикајте ги пратениците од ВМРО нека дојдат па ако се согласат јас предлагам последната реченица нека отпадне во целост.

Дали се согласувате. (се согласуваме).

Ако се согласуваат они нека дојдат и да ги усвоиме заклучоците.

Значи спорната реченица нека отпадне.

Ве молам повикајте ги пратениците на ВМРО-ДПМНЕ да дојдат и да се усогласиме.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ не сака да дојде на седница бидејќи се заминати има 8 пратеници овде пред врата, остатокот е заминат и не сакаат да дојдат на седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи и тоа не помага.

Јас ќе бидам во контакт со парламентарните групи и кога ќе се создадат услови ќе закажаме седница.

(Седницата заврши во 21 часот).